СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Седумдесет и петтата седница на Собранието
на Република Македонија, одржана на 11 мај 1994 година

Скопје, мај 1994 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 1-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 75-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.05.1994 ГОДИНА**

точка 3. Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата становите и земјоделските стопанства во 1994 година

1. АНДОНОВ ТИМЕ - 6
2. АРСОВСКИ БРАНКО - 12
3. АЛИУ ХАМИД - 46
4. АБДИ ФАИК - 43, 75, 76
5. АРСОВ ДРАГИ - 56, 59
6. БОШКОВ ЈОРДАН-21
7. ГОШЕВ ПЕТАР-52
8. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 60
9. ЃОРЃЕВСКИ БОРКО - 93
10. КИРОВ ТАШКО - 13
11. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 26, 31, 32
12. КОВАЧЕВСКИ КИРИЛ - 47, 50
13. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 40, 43, 70, 74, 77
14. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 23, 26
15. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 32, 34
16. МУРТЕЗАНИ АВДИ- 8 7
17. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 89
18. ПРЕВАЛА ШАБАН - 3
19. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 64
20. ПЕТРОВ ТОДОР - 78
21. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 94, 97, 98, 99
22. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 19, 31
23. РАХИМИ ШУКРИ - 65, 67
24. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 1
25. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 35, 39, 41
26. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 67
27. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 84, 87
28. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 80, 84
29. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 17, 19
30. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 76
31. ШАКИРИ ХИСНИ - 10

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 75-та седница на Собранието на Република Македонија одржана на 11 мај 1994 година

Седницата започна со работа во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше, Стојан Андов претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратеникот Панче Насев ме извести дека од оправдани причини не е во можност да присуствува на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Информиран сум дека известил и пратеникот Душко Горѓевски дека од оправдани причини е отсутен од денешната седница.

Пред да минеме на третата точка предлагам и по оваа точка пратеник да говори во траеше до 10 минути, а координаторите на пратеничките групи во траење од 15 минути.

Кој е за овој предлог молам, да крене рака? (45 пратеници)

Дали е некој, против? (14 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи ова Собрание користи една деловничка можност да може да го ограничува времетраењето на дискусиите.

на пратениците, сметаме дека тоа е директно уперено против опозицијата. Тоа мнозинство значи овозможува Парламентот да не ги уважува барањата на опозицијата, па од тука и опозицијата ќе користи една можност, а тоа е додека не обезбедите 61 пратеник да не учествуваме во расправата по овој закон. л

Доколку и понатаму се продолжува со вакви деловнички игри ќе го применува она правило во сите варијанти. Без 61 претставник на позицијата ние нема да учествуваме во расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам оваа одлука не е уперена против никој. Еднакви се ограничувањата и за опозицијата и за позицијата, а опозицијата може да излезе ќе утврдиме точен број на пратеници.

Ве молам да утврдиме точен број на пратеници.(55 пратеници).

Ве молам координаторите веднаш да си ги соберат пратениците, бидејќи се тука некаде во зградата.

Шефовите на пратеничките групи да обезбедат да дојдат сите пратеници овде во 13,00 часот.

Пауза

По паузата, да утврдиме точен број на присутни пратеници. (55 пратеници).

Ве молам нека се свестат луѓето кои се поигруваат со работата на Собранието, нека сфатат дека прво се пратеници па после се друго. Точен број ќе утврдиме во 14,00 часот.

Пауза

I/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

По паузата.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на точката три. Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година. Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Дозволете ми на почетокот да констатирам дека неспорна е потребата од вонреден правилен, целосен и објективен попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Македонија, поради изложените причини во образложените кон Предлог законот. Меѓутоа, попис не може да се замисли без квалитетен закон и без термин кој најмногу одговара за нашето поднебје и население.

Во општиот претрес по овој Предлог на закон не би сакал да се задржам на тоа што веќе е изнесено во Извештајот на Комисијата за економска политика и развој, која на неодамнешната седница едногласно се изјасни во прилог на донесувањето на овој закон.

Само сакам да подвлечам дека кога расправаме за овој Предлог на закон мораме да го имаме предвид фактот дека овој ќе биде прв попис на населението во услови на Суверена и самостојна Република Македонија, како демократска и социјална држава на сите нејзини граѓани, членка на Обединетите нации и на други меѓународни организации и асоцијации.

Исто така станува збор за попис инициран од албанските политички субјекти на Републиката, прифатен од Владата на република онија и поддржан, дури и финансиран од Советот на Европа.

Оттука, и потребата од еден по одговорен однос кон оваа важна општествена акција. Бидејќи се работи за вонреден попис, сметаме дека мораме да бидеме максимално правилно изведен, се со цел еднаш за секогаш да се елиминираат незадоволствата од досегашните пописи, разните претпоставки за бројноста на одредена националност и друго. /а Тоа подразбира утврдување на вкупниот број на населението како и на неговата национална и друга структура, што ќе биде основа за планирање на идниот вкупен и регионален развој за научни истражувања и други статистички цели.

Во овој контекст би додал дека резултатите од пописот корисно ќе послужат и за определување на идната стратегија на развојот на нашата држава на која се чека подолго време. Меѓутоа, за да се постигне тоа сметаме дека е потребно да се донесе квалитетен закон и да се опре дели најпогодниот период за извршување на пописот на населението, што со право се нарекува акција од посебен општествен интерес.

Што се однесува до Законот, сметам дека ако доследно се почитуваат препораките на експертската група и ако се прифатат некои амандмани што треба да се сметаат само како намера и како прилог кон напорите за подобар закон и пообјективен попис до таков закон сигурно и ќе се дојде. Добра основа за квалитетен закон претставува и предлогот на Владата во која јас се надевам имало концизност по многу прашања Собранието е токму тоа што законот треба да го донесе и сигурно ќе го донесе со уважување на одредени интервенции во прилог на квалитетот на решенијата. За мене многу дискутабилно прашаше претставува определеното време за извршување на пописот од 1 до 15.06 или според последното од 21.06 до 5.07.1995 година. Со право се истакнува, а со тоа

и јас се согласувам дека тој период претставува нај неповолно време за вршење на попис на населението, бидејќи тешко е да се обезбеди присутноста на истото, поради земјоделските работи и ангажираноста на граѓаните за пласман на земјоделските производи, големиот број на граѓани кои дури и со цели семејства се наоѓаат на печалба надвор од земјата, поради тоа што не знаеме колку долго ќе трае расправата по овој Предлог на закон и до кој степен се извршени организационо-техничките подготовки за пристапуваше кон отпочнување на оваа важна општествено - политичка акција.

Сметам дека по никој случај пописот не може да се планира за на есен кога ќе се одвиваат предизборната и изборната активност. Изнесената дилема молам да не се сфати како однос и за и против пописот. Напротив, бидејќи се залагам за правилен, целосен и објективен попис само укажувам на проблемот. Се разбира дека конечниот успех на пописот ќе зависи и од договорот за некои прашања што треба да се постигне токму на оваа седница на Собранието.

За да го донесеме овој акт, и да ни успее пописот, јас мислам дека ќе треба најобјективно да се договориме и усогласиме за следното: дека овој попис ќе се врши во Република Македонија, како демократска и социјална држава на сите нејзини граѓани, а не во унитарна држава, генерално за концептот на законот, особено за периодот на отпочнвуање на пописот , за дефиницијата на поимот вкупно население, прецизирање на дефиницијата за мајчиниот јазик и неговото разграничување, од така наречениот вообичаен јазик, како и исто така во наводници способноста да се зборува еден или повеќе јазици, можноста за ставање барем на копија од образецот П-1 на попишуваното лице, изгледот на двојазичните обрасци, дали може да се врши попис во услови на непоседување на

потребните документи, меѓу другото и поради неажурноста на администрацијата, опфатноста на албанците во службата на Заводот за статистика и во процесот на пописот, потреба од презентирање на уверение за државјанство, за што постои дилема кај експертската група, покрај личната карта или патната исправа, и конечно за некои други прашања, вклучувајќи ги тука и казните за непоседување на документи.

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство. Воопшто неоспорувајќи ја потребата за извршување на попис во Република Македонија, јас сепак имам некои забелешки во однос на законот. нека ми биде дозволено да ги изнесам своите видувања и критички забелешки со цел да придонесам за разјаснување на некои ставови на предлагачот на законот, односно да придонесам за подобрување на неговата содржина. Зошто сум за донесување на еден ваков закон. Пописот како периодичен начин за утврдување на состојбата на бројот на населението, неговата структура, состојбата во домаќинствата и земјоделските стопанства, има свое оправдување, бидејќи тоа е и значаен извор на податоци, како на официјалните органи, така и на науката во определувањето на степенот на општествено економскиот развој и на идните развојни концепции.

Исто така , пописот има не мало политичко значење, зашто како што може да се види од досегашниот настап на повеќе значајни политички и други личности, овие податоци ќе имаат и те како употреблива вредност во дневната и долгорочна политика. Но во основа овие податоци се потребни и би било ред и Република Македонија како европска цивилизирана земја да ги има како заради себе, така и заради поширокиот круг на земји и субјекти во Меѓународната заедница кој сакаат да ги користат како такви. Но токму по ова прашање сметам дека

во нашата јавност се претерува со давање на неоправдано големо значеше на пописот во дневната политика, дури со пописот како да се сака да се постигнат и политички цели и поени кои се непознати и не својствени за развиениот западен свет каде што пописот е само статистичка операција и ништо повеќе. Но токму тука мислам дека протогонистите на оваа идеја ќе го доживеат своето фијаско, зашто тогаш ќе немаат никакви други оправдувања и паравани за затскирвање на своите намери кои досега често пати се камуфлираа со недостатоци на податоци од пописот кој самиот го бојкотираа на претходниот попис на кој излезе македонскиот народ, а не излегоа сите националности на Република Македонија. Но да изнесам и некои свои општи забелешки во форма на свои гледишта, односно ставови. Секако најголемиот проблем на досегашните игри се водат околу јазикот на кој ќе биде спроведен пописот, или како што се предлага на јазиците на кој ќе биде спроведен пописот. Токму тука како да се става и проверка на нашата свест , на нашата совест, па би рекол и на нашиот вкупен став спрема државата, спрема нешто што ни е толку свето на сите нас како во Парламентот така и меѓу граѓаните. Навистина се поставува една дилема зошто Владата ни предлага ваков текст кога ние имаме донесено измени и дополнувања на законот за попис за 1991 година со кој кажано е како треба да се спроведува пописот по обрасците, така да јасно е дефинирано дека пописот треба да се изведува на македонски јазик. Дури и јас тогашен како пратеник на СДС гласав по тој амандман. Уставот на Република Македонија уште повеќе го допредела кој јазик треба да го користат и сите званични активности на државната администрација. тоа е македонскиот јазик и сето ова и токму тука се прават разни комбинации и озборувања и какви уште не напори за да се удоволи некому за нешто што е сосема непотребно. Па зарем податоците од пописот се само за

една употреба, за политичката гарнитура што моментално е на власт. не господа пратеници пописот има повеќекратно значење, тој треба да пружи долгорочни податоци кој ќе ги користи и науката и меѓународните институции и нашите идни поколенија. како тогаш сега или во иднина ќе се користат тие податоци од сегашните или итни корисници кога в' бидат испишани на 5 или не знам колку јазици, а тоа иако вака на прв поглед се практични прашања се чини како на нив да се заборава.

Од друга страна сакам да истакнам неколку збора и да се осврнам и на образложението што се дава од предлагачите на законот. Имено, Владата коалициона малцинска Влада во сите случаи кога нема други изговори се крие зад ставовите на некакви експерти, зад ставовите на некои светски и други научници кои никој, ни јас барем не сум ги видел, ниту чул ниту пак званично некакви нивни пишани ставови сум добил како пратеник. Ве молам, господа предлагачи на законот зошто тие толку употребувани аргументи за некакви наводни ставови на светските експерти не стигнаа во некаква званична коресподенција, па да ни беа дадени и нам на пратениците на овој Парламент. Верувајте дека и ние не можеме да прифатиме некои предлози кога се научно и стручно фондирани и кога имаат оправдување за искористување на некој наши цели. За жал, досега такви ставови барем мене лично не ми се познати и мислам дека за таквите наводни ставови некој сака да ги затскрие своите цели и планови кои не можејќи да се објаснат и оправдаат на друг начин ги префрла врз грбот на некакви светски европски стручњаци и слично.

Од друга страна уште неколку дилеми во врска со јазикот. Мене лично ми се наметнува прашањето дали овој проблем балон на употреба на јазикот не се крие нешто друго. Кој може да гарантира дека денеска

утре поточно на есен кога ќе бидат изборите користејќи го ова веќе користено право веќе нема да бара од избирачките списоци, па дури и избирачките ливчиња да не бидат правени на 5 или 6 јазици, на јазиците на националностите и покрај званичниот македонски јазик на оваа држава. Мислам дека зад ова се кријат опасни игри и недозволени преседани. Затоа јас сум убеден дека во поглед на јазикот треба да се користат уставните определби и македонскиот јазик. Морам да кажам дека кај овој проблем кај мене се јавува уште едно размислување. До кога една националност, едно малцинство кое претставува едвај барем според сите досегашни пописи 23% од вкупната популација на Република Македонија ќе наметнвуа свои услови. Не заборавете дека македонскиот народ на оваа земја претставува 65 до 67% од вкупното население, што најверојатно ќе го потврди и пописот. Што ако дел од тој народ од тоа население сега како што го направија албанските партии со препорака или сугестија на својата партија за која гласало се спротив- стави или поблаго) >речено не излезе на пописот. Какви ќе бидат тогаш резултатите, кој ќе биде виновен за тоа и кој тогаш ќе даде пари за спроведување на попис. Да завршам дали некому му паднало на ум дека зад сето ова можеби се крие и некое моќно лоби надвор од нашата Република кој не знам колку и мисли добро на Македонија и на македонскиот народ.

II/1.- НН-ВБ

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Предлогот на законот за попис претставува еден од најважните закони за граѓаните на Република Македонија. Токму од овие причини Законот треба да се донесе, се разбира како што е предложен, но со одредени дополнувања кои ќе произлезат од собраниската расправа бидејќи предложениот текст на Законот од страна на Владата не ги исполнува сите услови што произлегуваат од меѓународните документи за оваа проблематика. Тоа се потврдува токму со изнесените забелешки од страна на експертската група, на Комитетот на министрите од Советот на Европа.

Бидејќи и нивните барања не се инкорпорирани во пред- ложениот закон се гледа неспремноста кај државните органи за рамно- правен третман на сите граѓани во пописот. Меѓутоа, ако се мисли пописот да се изведе во текот на наредниот месец, според закон- ската одредба на член 3 на овој закон тогаш Парламентот би требало порано да се произнесе по овој закон, а не сега, бидејќи временската димензија за предложениот рок е неодржива за подготовките организацијата и спроведувањето ан пописот.

Според сите критериуми за едно вака чувствително прашање не постои реална, ниту теоретска шанса пописот да се одржи во втората половина на месец јуни. Предлагачот со предлагање на наведениот термин се покажува крајно несериозен и јас не знам по која логика Парламентот може да го усвои овој закон вака каков што е. Ние како пратеници не треба да дозволиме граѓаните да се задолжат за толку кусо време да ги комплетираат сите документи кои се неопходни според овој закон за попис.

Според досегашната практика и искуство што се покажало кај државните органи јас не верувам дека ќе можат да им излезат во пресрет на граѓаните за да ја обезбедат потребната документација.

II/2.-

Имајќи ја во предвид содржината на законот со многу недефинирани работи може да се рече дека и самиот предлагач на текстот нема да знае да го спроведе во практика и ќе се најде во дилема дали сам го предложил или некое друго лице. Особено кога е во прашање членот 4 и членот 3 8 со кои се дефинираат суштински прашања по оваа проблематика и кај мене постои дилема дали воопшто државните органи сакаат да спроведат статистички попис или попис со политички карактер. По се изгледа дека со членот 4 се настојува на одделни граѓани да им се одземе ова граѓанско право особено на оние граѓани кои без нивна волја се на работа во странство.

Според точката 6 од овој член врз овие граѓани се врши дискриминација бидејќи оваа законска одредба со ист аршин ги мери бегалците и хуманитарно згрижени лица од странски земји што претставува преседан во овој цивилизиран свет.

Со овој член предлагачот прави законска опструкција врз сите немакедонци а особено врз албанците бидејќи ние сме најбројни што работиме во странство. Секој закон треба на сите граѓани да им обезбеди еднакво право а не да ги дели по категории како што тоа се прави во некои афрички земји каде што поделбата беше според бојата. Но, за жал некои работи кај нас се попримитивни во овој поглед. Нашите закони граѓаните ги делат на симпатични и несимпатични, граѓани од прв ред и граѓани од втор ред. Според националната припадност се прават и овие категории на граѓани. Токму тоа се случи со законот за државјанство, а истото се повторува со овој закон.

Според членот 38 кој кореспондира со членот 4 се бараат толку документи заради утврдување на податоците од лицата кои со пописот ќе се опфатат, што не може ниеден граѓанин на оваа земја ни за една година да ги прибере бидејќи сите знаеме дека за едно уверение или решение за државјанство се чека одговор повеќе од една година.

Голема среќа е за граѓаните што предлагачот на Законот не побарал од граѓаните и уверение, лекарско уверение и уверение за постојан извор на средства.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Од претходните дилеми кои беа тука на говорница, барем кај мене не постојат некои дилеми и трилеми во смисла на тоа што мислам дека направив еден сериозен увид на предлогот на законот Она што беше предложено во првата верзија како предлог за донесување на закон и оваа верзија што е предлог на закон и немам намера воопшто да дискутирам дали има потреба од донесување или недонесување заради тоа што овој Парламент уште во првата фаза се договори дека треба да се донесе таков закон. Содржината на тој закон дали е погодена или не јас ќе си го кажам своето мислење.

Што се работи за содржината на самиот закон, според мене и она што беше предложено од поголем број на пратеници во претходната фаза и ние како група на Социјалистичката партија и јас како претставник на Социјалистичката партија сметам дека поголемиот дел од тие работи се внесени во самиот закон и со внесување на тој дел се прави еден поголем квалитет на самата содржина по одредени одредби. Во таа смисла немам некои посебни и конкретни забелешки.

Исклучиво законот го гледам дека е добар квалитет кој може да обезбеди еден квалитетен попис во Републиката Македонија ако не постојат одредени политички и друг вид проблеми, дали од политички партии и субјекти итн. итн. Лично сметам бидејќи сум учествувал во неколку претходни пописи оваа содржина која се нуди мислам дека ги задоволува сите потреби на сите граѓани кои живеат во Република Македонија, ако имаме едно објективно пристапување кон самите одредби и прифаќање на самиот попис. Меѓутоа ако почнуваме да

правиме одредени компромиси и една или друга работа тогаш нормално е не знам каков квалитетен закон да ми предложи Заводот за статистика односно Владата и јас верувам ние ќе наоѓаме одредени слабости и ќе сметаме дека и овој закон прави некакво деградирање на некои граѓани кој е присутен во оваа РМ. Јас лично сметам дека тука имаме еден посебен квалитет.

Меѓутоа, сакам да укажам на Заводот за статистика и Владата при пописот кога се врши да се има предвид, а тоа сметам дека е исправно, учесниците во пописот да бидат исклучиво на вработените лица кои се наоѓаат во заводите за вработување и студенти. Сметам дека невработените лица и студентите, а имаме поголем број на правници економисти, од секакви структури кои можат многу квалитетно да ги донесат да се изврши овој попис, а во меѓувреме и да ја подобрат нивната материјална состојба барем за тој период во кој се наоѓаат.

Јас го прифаќам комплет донесувањето на овој закон и го поддржувам и мислам дека треба да се избориме да го реализираме и практично бидејќи има тој апликативна вредност.

**ТАШКО КИРОВ:**

Попис за населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства последен пат беше извршен 1991 година. Пред тоа беше извршен 1981 година, па 1971 година, итн. што значи беше установен еден временски период од 10 години, па според тоа беше очекувано пописот што сега се предлага да биде некаде 2001 година. Зошто тој не е во оваа година, а се предлага сега да се одржи вредно е уште еднаш да се потсетиме на причините за неговото предлагање кои се содржани во образложението од страна на предлагачот во Предлогот за донесување на овој закон. Бидејќи тие се кратки и конкретни јас ќе ги изнесам.

"Со последниот попис, 1991 година извршените проценки од страна на Републичкиот завод за статистика за подрачјата во кои имаше делумен бојкот на пописот се обезбедени статистички податоци за макро-подрачјата, но по одреден број на белези не можеа да се обезбедат солидни проценки и се објавени само податоците за попишаното население.

За Република Македонија од пописот 1991 година не можеше за одредени општини 12 општини, да се обезбедат ниту да се проценат одделни податоци во врска со становите и земјоделските стопанства. Веднаш по спроведување на пописот во 1991 година од страна на политичките партии на албанската националност се наведуваат податоци за бројот на албанците во РМ што многу се разликува од официјалните статистички податоци и истото посебно се потенцира во меѓународната јавност. Дел од политичките партии што ги претставуваат припадниците на другите националности изразуваат сомневање во податоците од последниот попис во однос на националната структура".

По ова е образложението за причините зошто се предлага овој закон. Овие причини држат, тие се точни и на сите ни е познато Но сега се поставува прашање дали ние можеме да забраниме на некого да се сомнева во нешто и дали постои гаранција дека овој попис ако биде одржан повторно што се сомневаат нема да се сомневаат, или евентуално некои други. Значи ние отвораме еден пат за пописот кој што треба да биде една државна работа, чисто техничка, статистичка работа за употреба во дневно политички цели. Зошто во дневно политички цели? Затоа што секоја една нова власт, а тоа е најкасно за 4 години, а може и побрзо, зависно како изборите ќе се одржат дали е тоа една партија или коалиција од партии секогаш ќе ома можеби причина пописот да го предложат за одредена политичка цел. Со тоа што би постигнале? Сега можеби не е така трагично ако тој побрзо се одржува, не на 10 години како досега, но зошто се одржуваше на 10 години има причина.

II/6.-

Причина е во тоа што тој попис сепак чини. Чини и самиот закон што се предлага. Во претпоследниот член се условува самиот закон за неговото спроведување од средствата кои што ќе бидат обезбедени и гласи: "Реализацијата на пописот е условена со обезбедување на средства од член 50 став 1 од овој закон во роковите што ќе бидат утврдени во меморандумите на разбирање склучени врз основа на член 50".

Во член 50 вели: "Вкупните локални трошоци за подготовка и спроведување на пописот ќе бидат 1,9 милион еки, од кои 1,6 милион еки ќе бидат обезбедени од Европската унија, а 300 илјади еки од специјалната сметка на Советот на Европа." Па се поставува прашањето, јас не сакам да тврдам дали овој закон е добар за граѓаните, дали треба невработените да учествуваат или не, ако ние се залагаме, особено јас сега апелирам до сите партии а особено партиите што се во коалиција знаеме дека они имаат граѓанска опре- дела, граѓанска опција на општество, зошто ни се предлага практично фактички овој попис предлага национално пребројување. На кого му требаат тие национални пребројувања. Ако се залагаме за граѓаните тогаш очигледно дека постои начин како ние на лесен начин да добиеме средства, иако овие што ги даваат тие средства не ги даваат туку така за ништо, но ако веќе ние можеме да ги добиеме дајте заеднички да апелираме и до опозицијата и до позицијата да се заложиме тие средства да ги употребиме стварно за подобрување на стандардот на граѓаните, за решавање на социјалната положба на граѓаните. А кои граѓани? Па, имаме добра структура на граѓани кои што навистина социјално се загрозени. Тука се невработените, тука се стечајните работници, тука се пензионерите кои што имаат закаснувања во примањата, тука се и вработените што имаат неизвесна судбина. Повторно јас сакам да завршам со апел до сите да се заложиме по било која прилика средства ако можеме да добиеме, од било кое место да ги употребиме за подобрување на социјалната положба и стандардот граѓаните во Републиката.

II/7.-

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство Предлогот на законот за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година што денес го имаме на дневен ред е четврта или петта верзија, а ова за мене покажува дека фундаментот на законот не е во научниот фундамент на демографската наука или проучување становништвото. Овој закон повеќе е обоен со попис а лично бараме да имаме закон за попис како статистички процес.

Демографската статистика е посебна гранка на статистиката која се занимава со прибирање обработка,анализа и класификација на податоците во становништвото. Демографските одбележувања и нивната спецификација, тука е хендикепот каде се манипулира од проста причина затоа што ниеден од националностите не е вработен во Заводот за статистика.

Републичкиот завод за статистика пописот треба да го организира и спроведува од горе изнесеното да обезбеди инструмент за пописот и тогаш не треба да се прецизира терминот 16 јуни, 20 јуни 1994 година. Како критичен момент обично е 31 март на по- писната година. Не смееме да имаме попис испод нивото на старата Кина и римскиот цензус, аргумент е членот 4 точка 6 каде граѓаните вработени во странство повеќе од една година како да не се наши граѓани и јас прашувам зошто постои миграционата статистика или виталната статистика.

Членот 6, мајчин јазик, цитирам "кој вообичаено се зборува во домот на лицето од неговото детство". До денес не сум сретнал некој во 50-тите години да го научи некој јазик и да му е мајчин јазик. Иронична формулација за мене.

II/8.-

Сигурно ќе добиеме одговор овде дека упатството е од ОН Ако се работи по тие упатства тогаш нека се постапи исклучиво во упатствата на Експертската група на Европа и другите членови, како што се членот 6,15,16,22,30,32,35,40,41,42,43,44,45,46,47 и 48. А колку ќе бидеме, како што рече некој на говорницата, секој колку сме, меѓутоа само да е реален попис и да» не се користи таканаречен пондер од дијаспората како статистички модел односно како статистичка националност. Без тој статистички пондер на дијаспората ќе видиме кој колку е во оваа Република.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и гости. И јас ќе речам дека потребата до нов попис е неминовно. Тоа ние го баравме, Владата се согласи, а Европскиот совет понуди и средства за негово спроведување. Ние побаравме нов попис бидејќи не бевме задоволни од пристапот кон пописот во 1991 година. Тогаш и законот не беше во ред, а и самиот начин на попишувањето. Бидејќи се работи за нов вонреден попис нормално е тој да биде максимално правилен и објективен.

Ние веќе се произнесовме по Предлогот за донесуваше на закон а сега пред нас се наоѓа Предлогот на законот за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства.

Додека беше во фаза на предлог за донесување, како што е познато и на комисиите и на самата пленарна седница изнесовме редица предлози и сугестии како предлог законот да биде поквалитетен. Според моите сознанија на предлог- законот се работело доста. Секој значителен и корисен прилог дале како заводот за статистика така и Владата и експертската група од Европа.

II/9.-

Предлогот на законот сега е пред нас и сметам дека ние треба да се произнесеме и Законот да го донесеме во што е можно пократок рок. Во спротивно ќе се соочиме со проблеми бидејќи пред нас се изборите а овие две мошне важни акции не би можело паралелно да течат. Периодот што се предвидува за попис на населението сметам дека не е најпогоден бидејќи токму тогаш населението е најотсутно од домовите по земјоделските работи, печалба и друго. За успешен попис ние мораме да донесеме и добар закон но треба да одредиме и најпогодно време. Тоа според мое мислење може да биде во доцна есен, значи после изборите или првите месеци на идната година.

Ќе мораме до крај да го деполитизираме пописот. Не смее да се политизира. За него не ќе биде потребно уверение за државјанство туку доследно да се почитува тоа што сугерира експерт- ската група.

III/1.- ЈМ/ЉР

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ**: (продолжение)

Со нужно внимание треба да се однесуваме кон изнесените амандмани за вкупниот број на население, за мајчиниот јазик, за обрасците за попис, за потребната документација за идентификација, казнените одредби и друго. 4

Моите забелешки пред се се однесуваат на член 4, член 30 35 и член 40. За член 4 барам објаснување зошто нема да се попишуваат лицата што повеќе од една година се наоѓаат на привремена работа во странство, како и членовите на нивните семејства. Се сомневам дека тие лица воопшто ќе бидат попишани.

Членовите 30 и 35 се контрадикторни заради тоа што член 30 не предвидува попишувач од националностите, а со член 35 на населението му се овозможува слободно избирање за попишување на својот мајчин јазик.

Член 40 треба да содржи одредба според која во Републичката организација надлежна за работите од областа на статистиката треба да се вработуваат и лица на неопределено време меѓу кои ќе бидат вклучени и претставниците на националностите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ИСМЕТ РАМДАНИ:**

Дами и господа пратеници, ако добро ја читаме содржината и образложението во Предлог законот веројатно тие што добро го прочитале немаат право да внесуваат толку дефетизам во врска со содржината на законот, затоа што ако споредуваме од правата фаза, односно Предлогот за донесување на закон за попис и Предлогот на закон веројатно сите ќе се сложиме дека со едно ангажирање на

III/2.-

експертската група од Европскиот совет и ангажирањето од Републичкиот завод за статистика имаме доста измени, промени и интервенции во одредени одредби. Меѓутоа, ние и понатаму треба да внимаваме

од една ваква содржина на законот, мислам дека некои пратеници лошо почнаа. со нивните настапи затоа што сепак, се настојува да се политизира и во врска со овој закон, односно овој Предлог на закон. Самите велиме дека се работи за една статистичка операција што значи дека не мора сега ние тука да настапиме со такви ставови, односно повикувајќи се на тоа дека, еве, некои наметнуваат нивни ставови и барања итн. туку треба да се оди на тоа што со нашиве интервенции што ги имаме, а нашите интервенции ги правиме обично кога сме во една ваква фаза на Законот, со одредени амандмани каде што веројатно ќе настапиме и во врска со тие амандмани. И верувам дека' со конструктивни и содржински добро подготвени амандмани, односно предложени амандмани ќе можеме да пробиеме уште повеќе во квалитетот на самиот закон. Тоа што јас апелирам во овој случај е тоа шto во последно време многупати се слуша и од одредени политички партии, односно одредени луѓе кои премногу зборуваат за овој закон, а се ми се чини како да зборуваат така од страна што немаат доста и познавања во врска со овој закон, односно со самата содржина на овој закон. Бидејќи сега зборуваме односно дискутираме начелно за Законот, мене ми смета тоа што се уште мислам и убеден сум дека многу се одолговлече со разговорите и договорите околу содржината на самиот закон и тие интервенции од експертската група од Европскиот совет дали требаше толку да се одолтовлече оваа соработка или можеше порано да се добијат тие институции, нормално и со учеството нашите експерти од Републичкиот завод за статистика и се доведовме до една ситуација што мораме сега да донесеме закон во една ситуација кога и ќе треба да се изведе и пописот во време кога малку се практикува во светот, односно

во тие што ние велиме цивилизирани, модерни земји. Така што веќе се одреди ми се чини дека времето и терминот е некаде на 20-ти јуни до 5 јули, меѓутоа бидејќи јас како припадник на една партија т.е. мојата партија, парламентарната група во овој случај во врска со времето и терминот не би направил никаква забелешка само заради тоа тоа што ценам дека и понатаму експертите во соработка со Републичкиот завод за статистика ако тие оценат дека треба да се изврши овој попис во времето кога веќе и е одредено како време, тогаш мислам дека треба да се оди на овој попис нормално со едно ажурирање и ефективно подготвување на сите тие документи и подготовки кои би требало да се извршат за да се изведе еден успешен попис на населението, а верувам за прв пат во Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Г-дине претседателе, дами и господа,колеги проектот за попишување на населението во Република Македонија за оваа година е обемен зафат за кој по мое видување постојната Влада објективно не е во состојба на соодветен начин да го спроведе. Уште кога се водеше расправа за Предлогот за донесување на закон јас децидно ги кажав моите гледишта, сега нема да ги повторувам, најмалку заради тоа дека сум лимитиран само на 10 минути. Овој стил на ограничување дискусија мене ме погодува двојно, но тоа останува ценети колеги од мнозинството на ваша совест, а може би и на трострук начин ме погодува. За мене е јасно дека до пописов доаѓа заради уцена во самиот табор на коалицијата. Она што беше граѓанска непослушност добива сега статус легитимитет. Јас сериозно сум разнишан во довербата кон партиите што се на власт дека тие мислат да направат правна држава. Инаку, уцената

не се протега само на пописот т.е. на решенијата што тука се заговараат, а еве слушаме од настапите на колегите од коалицијата дека има и незадоволство со предложените решенија. Таа уцена се протега врз други сегменти, а тоа ќе го видиме и од другите точки на оваа седница, но не само на оваа. Инаку, за еден државен проект да биде делотворен, добротворен за државата потребно е да се разговара, договара, усогласува со сите фактори во неа. Сакам само да ви кажам дека координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се обрати до претседателот на Владата со допис и побара усогласување. Одговор не доби , ниту тој, ниту целата група. Според тоа, Владата мисли во соло да го води овој проект, поточно оваа акција од интерес сепак за целата држава. На таквата самодоверба, па можеби и самовлубеност јас не сакам да и позавидам. Исто така, не беше овозможен контакт на претставници од пратеничката група со експертите кои нашироко тука се цитираат, или барем се користат како една поткрепа за предложените приоди. Мене ми е нејасно како тоа може однадвор некој да има интерес да дојде, да соработува, а притоа, ете да одбегне да се види со сите фактори. Тука според искуствата што ги имам како член на Комисијата за надворешно политички прашања темелно е узурпирана протоколарната постапка не по вина на вработените во протоколот на државата, едноставно тие што се на власт по секоја цена, а и недемократски одбегнуваат опонентите во државата да дојдат до збор на било кое место. Тоа е видливо, не само тука во Парламентот, видливо и во медиите. Мене ме иритира и тоа што Владата за овој закон самата поднесува тековно амандмани, амандман по амандман, те за рок, те за некое прашање од поситен карактер, те за обрасци итн. Јас не знам, меѓу другото и поднесување амандмани си има своја цена материјална, тие сепак и се дистрибуираат. Само сакам да ви кажам дека добар дека од

листата одат во празно, затоа што и Владата си дозволува таков луксуз. Нејзе можам за тоа да и честитам, а и на тие што ја подржуваат. Околу цената, ова, она, нема сега да навлегувам, не се ни може во 10 минути ниту да се биде полемичен, а камо ли стручен, или пак конструктивен.

Јас би го заокружил ова свое излагање со изразување несогласност да се врши попис на овој начин како што е предвидено во членот 35 кој се однесува на користење на јазиците. За мене тоа не е адекватен начин. Тука што е набележано тоа може да е визија за некое идно време по 20, 30 години на пошироко усогласување барем во нашето соседство. Сега да се заговара овоаков приод ќе има болни последици меѓудругото за македонската кауза.

Само по однос на член 2 ќе кажам дека и во Предлогот за донесување јас не се согласив и сега малку не ми е јасно зошто мора да стои зборот "агрегираните податоци". Податоците од попис секојпат се агрегирани, не мода ваков опис да постои. И колку јас се информирав, но не велам дека е баш така во цел свет, но јас колку што видов вакво нешто не се користи никаде. Поимот агрегиран да биде запишан во закон, во норма е малку деликатно. Толку со оглед на за вас разбирливиот лимит. Понатаму не би сакал сега да должам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, би сакал неколку зборови да речам во врска со овој втор попис во рок од една и пол година. Наместо Владата да се занимаваше до со носењето на стопанските закони, за развиток на стопанскиот развој на нашата држава и другите закони што требаше да функционираат, таа веќе две години се

бави со донесување на законот, како да го донесе овој другиот закон за попис да удоволи на некои партнери од позицијата само за да не ја напуштат позицијата. Ако треба тие ќе направат уште три пописи само да не ги напуштат партнерите , само и само да не им мрдне некој, а тоа^се гледа и со досегашните одлагања. Не беше свикана од некнашниот бојкот на седницата  цели недели не се свика седница со оглед на тоа дури да се усогласат ставовите, што треба уште да и се допушти на позицијата, односно на албанските партии само да не ја напуштат. Тие три-четири дена се договараа, тоа сведочи со телевизијата, сведочи со менување на Уставниот суд итн. и сето тоа сведочи на каков нечесен начин се работи, не на усовршување на државата, на стопанските закони, туку само да не паднат овие, па ако сака државата во вода нека пропадне. Стално се браниме со тоа : Европа ни налага. Каде се тие документи да ги покаже Владата, што ви наложи таа Европа вас,. зошто не и наложи на Србија да направи попис колку има албанци во Србија, колку има други народи, зошто не и наложи на Бугарија да направи попис, зошто на и наложи на Грција, Грција е стален нејзин член, зошто и на другите. Изгледа таа Европа и е страв само од Македонија и затоа таа мора да наложува да се направи се по шефот Еве ако утре не е задоволна некоја друга национална странка во Македонија, односно Србите како што ги признавате и Ромите па и другите утре тие ќе речат попис. И за нив треба попис да спроведуваме. И други ќе се жалат во ОН утре, ќе речат не е спроведен во Македонија правилно пописот и за нив пак повторно попис да правиме. Оваа држава ми се чини додека трае ќе носи само закони за попис, а не да донесува Закон за развој на државата. Кога тие можат да велат дека не е правилно извршен пописот, јас се прашувам пак незадоволната наша работничка класа дали не ќе бара попис, да го бојкотира попис пак таа сега. Може да го бојкотираат

III/7.-

сега пописот пак штедачите, дел од пензионерите заради ниските пензии, невработените, стечајните работници. Што правиме тогаш ако тогаш се бојкотира пописот. Значи ние пак наново ќе правиме попис.

Во која држава, сакам да добијам одговор во овој Парламент, се врши на 5 јазици пописот. Попи1; се врши се знае на кој јазик. Секоја држава си има свој службен јазик и на тој службен јазик се врши попис. Јас не знам дали Франција попис на алжирски, на марокански и ред други да не ги набројувам. Дали Србија таков попис изврши. Дали Грција таков попис изврши. Само Македонија е страв од Европа и ќе мора да врши попис односно да печати листи на 6 јазици. Во која држава малцинствата кои живеат во неа не го знаат службениот јазик на државата. ВО таа држава тие ако не го знаат државниот јазик не можат да добијат ни работа ни ништо друго. Таму можеби не им е забрането и ние не забрануваме да го употребуваа својот јазик надвор од службениот, но за ваков начин никаде не е дозволено тоа. Еве нека каже и Европската заедница, да рече во Франција, во Англија, во Белгија итн. се врши на тој начин пописот и ние да речеме еве и таму се врши така па и ние мораме така да го извршиме пописот. Значи овде кај нас се наметнува некое самоволие на некого, така како што му одговара.

IV/1 ДВ/СЛ

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**:(продолжение)

Јас не знам , македонската коалициона партија зошто сето тоа го прекутува. Зошто таа се согласува со таков попис. Што ако утре настане некој социјален немир кај нас кој ќе ја сноси одговорноста за тоа. Се гледа дека позицијата го направи тоа однапред, знаеше дека тоа така ќе биде да се задоволат барањата од кај знаеше позицијата дека ќе се донесе законот ваков каков што го предлага, па да се печатат материјалите за пописот. Тоа значи дека тврдо се убедени дека овој закон мора да го донесе. Јас сметам дека ваквиот начин не^ не носи на добро и дека утре некој ќе треба да одговара, како што одговараа во Романија и во други земји. Овде никој не одговарал досега. Застапена е само демократијата кај нас, но демократијата се злоупотребува во однос на некои надворешни одобрувања на други националности како што тоа сега го правиме тука на 5-6 јазици. Дали не ви е срам да правите попис на 6 јазици. Кој е тој македонски народ кој ќе ве прифати со таква работа. Кој ќе ви го одобри тој попис. Може само заради тоа целиот македонски народ да го бојкотира овој попис, затоа што го делите на 6. Затоа молам тој попис да се изврши на службениот јазик во државата како што во сите држави се вршат пописите, а не вака на 6 јазици.

**ГОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Особено почитуван и многу ценет претседателе на Собранието, почитувани дами и господа.

Предлог-законот за попис на населението, домаќинствата и становите во РМ побуди голем интерес. Јас првичната оценка за тоа

огромно значеше на пописот во РМ првенствено го добив од ПРЕСС конференцијата на претседателот на Собранието на РМ , г-нот Стојан Андов кој многу беше загрижен на таа ПРЕЕС конференција и конечно покажа и докажа дека за овие четири години сепак не успеа да го научи македонскиот литературен јазик. Како претседател на Собранието на таа ПРЕСС конференција требаше да зборува на македонски литературен јазик. Изгледа неговиот јазик е граѓански јазик за кој и позицијата денес се залага во овој Парламент. Тоа е како воведен дел за важноста што му е дадена на овој попис, дури и повеќе од Уставот на РМ.

Понатаму кога почитуваната Европа е толку загрижена за овој простор,за оваа македонска држава и кога тие експертски групи допатуваа во Македонија, јас се чудам зошто нашето раководство на чело со претседателот на Собранието на РМ не му сугерираа дека првично Грција е членка на Европската заедница. Таа е и член на ЌЕБС. Зошто не и сугерира таа Европа на Грција да го направи пописот така како што денес му сугерира во нашата држава Македонија и зошто таму не ги попишат Албанците, Македонците, Власите итн. Зошто, како дотичниот господин од ПДП Исмет Рамадани не укажа дека на таа експертска група кога дојде , бидејќи тие често пати шуруваа со нив, имаа тесна соработка, тесна врска, не им кажа дека во Албанија има 600.000 Македонци, па при пописот да назначат вистински Македонци, етнички Македонци, да го водат тој попис во таа држава , но исто така да добијат релевантни показатели за Македонците во Албанија и да видиме ние како Македонци од овој македонски Парламент колку Македонци во нивните пописни комисии се моментално, дали ги има во нивните заводи за статистика, колку вработен има во нивната ТВ Македонци, и во сите други институции на кон претендираат овде Албанците во РМ.

IV/3.-

Мораме ние тој реципроцитет, до колку сакате вие тоа да го спроведете на овој начин да го имаме. Меѓутоа, господа, се ќе можете да правите, но оние силеџии што се служат со туркање на микрофоните и со вакво насилничко однесување во РМ, верувајте нема да успеете, а и господата од Претседателството, од позицијата кои се заедно со нив и ги толерираат тие што ги туркаат микрофоните, поговорката македонска е таква - "со кој си таков си". Ние доволно за овие четири години во овој Парламент покажавме и докажавме дека сме за дијалог со секој, но дијалог не од позиции на сила, од позиции на лоби, и од позиции на некаков марионитет. Всушност во оваа Република Македонија се покажа обратното. А тоа е дека ние како Македонци успеавме да се потчиниме на малцинствата и да допуштиме да се прават разни манипулации.

Конкретно за Предлог-законот за населението.

Можно ли е со овој закон да се промовираат некодифицирани јазици во Република Македонија. Можно ли е тоа? Тоа навистина е една чудна работа, еден голем парадокс за кој позицијата ако не денес, меѓутоа утре мора да одговара и мора да плати за ваквите неодговорни однесувања.

Второ може ли во РМ и без разлика на вакви некодифицирани јазици на мала врата да се прави било каков компромис, паралелизам и македонската држава, македонските топоними да влезат во евиденција На пример Скопје да се вика "Шкуп", Битола да се вика "Манастир" итн. Со кое право ние по сите меѓународни договори кога треба да ја испратиме картата на РМ, ќе ја испраќаме ли на 5 јазици или на не знам колку други јазици во РМ , или на еден официјален државен службен јазик во РМ. Тоа има многу други последици кои ќе се јават во иднина , а

не денес. Ние денес можеби сме слепи или имаме намерно ставено темни наочари за да не ја видиме вистината, меѓутоа ќе ни се случи.

Исто така, може ли во овој Предлог-закон за попис на голема врата политичките права во една државна административна.. манипулација, или спроведување на пописот на мала врата политичките права на малцинствата да се внесуваат овде во Законот за попис на населението на РМ. Тоа е недопустливо. Политиката мораме да ја оставиме на страна. Политичкиот дел е едно, но административниот дел е друга работа. Таа административна работа мора да биде водена строго по оние закони и според оние моменти, кога оваа држава не никана вчера или денес. Оваа држава постоела, дали во рамките на Југославија, но и тогаш се водеа пописи во оваа држава. Јас мислам дека Заводот за статистика е на судни маки сега, пред големи притисоци и пред големи искушенија како ќе може да го спроведе овој пропис и со оваа каша што е направена со Предлог-закон за попис на населението.

За да бидам подециден во поглед на тоа што не се залагам за одредени одредби во овој закон каде што е даречам употребата на јазиците во член 35. Тука во алинеја 3 стои дека името местото општината, адресата на живеење називите на населените места и државите треба да бидат пополнети и на официјален македонски јазик. Па ние до вчера, знаете вие дека во Бугарија нашите државници отидоа не сакаа на официјалните јазици да се потпишуваат договорите. Тогаш зошто истата формулација ја вметнуваме во овој закон. Значи треба да стои "државен или службен јазик, тоа е македонскиот јазик". Треба. еднаш да бидеме децидни. Немојте вакви небулози да правите затоа што во сите закони и точката има свое значење и запирката и секој поен

поединечно се анализира. Господа не е само работата да се направи закон. Во овој закон има полно грешки литературни, јазични, дајте, ако сте јазично неписмени, ве молам имаме институт во РМ имаме МАНУ, дајте идете таму малку и научетего литературниот македонски јазик или тие коректори ако не ви се доволно описменети, молам, нека го направат така како што треба на официјален кодифициран македонски литературен јазик. Овде има многу недоследности.

Јас посебно апелирам до Вас г-да од Министерството кои сте како повереници на овој закон.

Меѓутоа, треба да знаете дека при сите посети на вакви официјални делегации кои на таа Европа која до ден денес не сака да не признае како самостојна и суверена држава , која се уште не сака да не прими во ЌЕБС и толку месеци не измачуваше, па моравме преку 00Н без знаме да бараме и други форми, дипломатски итн., за признавање на оваа Република. Ве молам обрнете внимание. Достоинството и сериозноста на една држава се гледа и преку институциите, но и луѓето кои ја претставуваат оваа држава. Ако вие така индолентно се однесувате, ако вие така ноншалантно поминувате покрај сите притисоци и уцени, верувајте таквото недостоинство не може со ништо да се плати. Но, затоа уште еднаш да кажам и ќе завршам. Ве уверувам дека ние како политичка партија стоиме зад ваков закон само во тој случај доколку ваквите одредби за кои еве јас спомнав, ќе бидат изменети, избришани од овој закон за попис на населението. Но исто така Ви укажувам со полна сериозност и со полна моја одговорност затоа што сум загрижен Македонец во оваа македонска држава дека со оние кои што ги туркаат микрофоните, со оние што претставуваат силеџии во оваа држава не можеме да правиме било каков компромис по пат на сила, присила и принуда. И со внесување на оружје во Република Македонија. Ве молам,

ако со такви се коалицира и се седи заедно, тогаш се поставува прашање и за вашето поведение и за вашиот морал. Благодарам. Благодарам претседателе и на трпението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Рамадани има реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Г-динот Котевски како загрижен Македонец ми направи една добра услуга во дел од неговата дискусија кога рече дека Исмет Рамадани добро шурува со експертите од Европскиот Совет. Тоа е една голема предност г-дине Котевски кон вас, голема предност за мене, а твоја предност е тоа што јас не знам со кого вие шурувате г-дине Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитувана господо, јас по убедување сум демократ. Без разлика во поранешниот систем сите бевме организирани во едно општество и во еден систем кој владееше. Ние извесни предности не смееме да ги заборавиме и да ги потцениме и од тој поранешен систем што беа. Јас прифаќам дијалог со секој во оваа држава, но не прифаќам никаков дијалог од позиција на сила, од позиција на внесување на оружје и од позиција на силеџиство, на туркање на микрофоните на нашите почитувани господа овде во Парламентот кои покажаа и докажаа висок степен на парламентаризам и на демократија. Јас со такви примитивци едноставно не сакам ниту да преговарам , ниту да се договарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте на зборовите што ги употребувате.

IV/7.-

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Не сакам ниту да преговарам, ниту да разговарам. Меѓутоа, од оваа страна има и супер луѓе со кои постојано си разговараме и можеме да разговараме. Но , за сите работи потребно е да имаме додирни точки. На еден простор, нема држава во светот кај што нема мешано повеќе малцинства и повеќе народи. Меѓутоа, светот покажа и докажа, даречеме една Америка која јас ја сметам најдемократска, една Австралија, за жал на која ние од овде и дадовме одредени поени да ги прават сега со потезите што ги повлекуваат. Америка е конгломератна држава но покажа и докажа во светот дека се бори за тие демократски права, а има одредени критериуми и мерила кои се кодифицирани во светот како треба да се однесува. Вие барате преку леб погача. Кој бара преку лебот погача, може да добие и ништо.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, земајќи активно учество во расправата по Предлогот за донесување на законот за пописот на населението, домаќинствата и становите, ги искажав забелешките што граѓаните од српска националност од мојата изборна единица и од општината Куманово ги искажаа на бројните собири и со лични контакти со мене, па сега ќе ги искажам и забелешките што предлагачот ги нуди по повод овој закон.

Прво поаѓајќи од фактот дека сите меѓународни асоцијации, а поготово ЕЗ и нејзиниот министерски совет, 00Н преку Женевската конференција за Поранешна Југославија формираа експертска група која стана како еден стручен советодавец на Републичкиот завод за статистика, чии што предлози и совети, мислам дел од тие совети и Републичкиот завод за статистика, односно неговите стручњаци прифатено. Тоа е готово со употреба на јазикот на националностите за

време на пописот. Значи останува основното решение, она алтернативно решение е отфрлено.

Единствено можам да искажам задоволство што еден дел од мојата дискусија тогаш е прифатена, а таа» се однесуваше на член 22 каде направив забелешка на составот на Републичката пописна комисија, каде беа предложени тројца членови од националностите. Јас тогаш прашав кои се тие три националности бидејќи во преамбулата се наведени четири, Србите ги нема во преамбулата на Уставот и благодарам што тоа е прифатено. Гледам сега дека сите пет националности се опфатени во Републичката пописна комисија. Значи ќе има претставници на Власи, Роми и на Турци, Албанци и на Срби.

**ИМИР МИТЕВСКИ**: (продолжение)

Според тоа, не ми е јасно зошто ако ова е тука прифатено о член 46 каде што имаме заведување на заштита на лични податоци на описот, Собрание на РМ именува посебна комисија. Тогаш јас дадов свој предлог и не ми е јасно зошто во таа комисија, која има претседател и четири члена се предложени само двајца претставници од националностите и се раководат со националности кои се најмногу застапени во РМ според пописот од 1991 година. Па, ако тој попис од 1991 година има меѓународна валидност, зошто правиме нов попис. Според тоа, тие бројки што се наведени од пописот од 1991 година не се валидни и знаеме дека еден дел од населението, од граѓаните на РМ, знаеме од која националност не учествуваат на тој попис, па според тоа не би можело тие бројки да се земат како одлучувачки. Јас ова амандмански го имам преточено и предлагам во член 46 има пет члена исто така да бидат опфатени сите претставници од сите националности, како што е состојбата во член 22. Ако одиме со една уставна рамноправност, значи коинциденција член 42 со член 46, Тука би требало да има претставник од српска национално како што еве е опфатен во Републичката пописна комисија. Во што не се задоволени граѓаните од српска националност во предложенио1 закон. Тогаш предложивме обрасците П-1, П-2, П-3 и П-4 да се пополнуваа во дупликат. Јас тогаш кажав дека мислењето на граѓаните од српската националност е да кај особата што се попишува да остане еден примерок за ништо, со никаква друга намера, чисто за едно интерно евидентирање на бројката на саите националности кои ќе бидат застапени во РМ.

Сега понатаму јас не би должел, сите предлози се амандмански и ќе ви бидат сега поделени како амандмани, единствено имаме предлог, пошто обрасците ќе бидат двојазични, предлог е да бидат печатени во разни бои, за да се избегне и секоја манипулација после и мислев дека тоа не е тешко, па би можел предлагачот и тоа да го опфати

V/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

почитувани пратеници, неспорно е дека овој Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година, пред се е наметнат попис, односно наметнат закон. Се поставува прашањето дали има потреба Јас ќе речам има потреба од донесување на еден ваков закон од следниве причини, без разлика што, да повторам, е пописот наметнат односно вонреден , кој сака да го класификува. Затоа што знаеме дека одредени припадници како политички лидери на малцинствата што живеат во РМ во своите изјави спрема странство цело време тврдат дека, односно ја зголемуваат за 3 или четири пати бројноста на дотичното малцинство односно националност кој според нашиот Устав се со цел да изнајдат некои политички отстапки односно на таа Европа да се додворат на некој начин и да бидат нејзини галеничина. Затоа, ќе речам од тие причини за еднаш да знаеме во оваа држава колку сме, кои сме , какви сме итн. потреба е да се изврши попис во 199 4 година, па дури мислам дека од тие причини овој закон малку е и задоцнет. Но, се поставува прашањето дали сега тој попис е само една чиста статистичка операција. Јас ќе кажам дека воопшто не е статистичка операција, затоа што таква статистичка операција необременета политички ние имаме извршено во 1991 година, односно РМ таков попис има спроведено во 1991 година, со еден закон кој е донесен 1990 година, меѓутоа во 1991 година, тој закон со измени и дополнувања е одреден начинот на кој ќе се врши тој попис во 1991 година и јазикот на кој ќе се врши тој попис.

Согласно со тогашниот Устав, со решенијата во тогашниот устав односно со амандманите на тој устав ова Собрание, со исклучок на двајца или тројца пратеници потполно во ист состав го донесе овој

закон каде што во членот 3, кој што се однесува на членот 8 од тој закон, во алинејата 15 зборовите "и јазиците на албанската и турската народност" се бришат. Што значи тоа? Тоа значи дека тие решениеја околу службената употреба односно службениот јазик во РМ, тогаш и сега се истоветни и во тој Устав и во овој Устав. мене претставува лицемер- ство од каде сега кога ова Собрание донесе еден ваков закон, сега наеднаш оваа коалициона Влада ни нуди закон каде што на некој начин пописот ќе се спроведе на 6 јазици, а не само на официјалниот односно службениот јазик на РМ, а тоа е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Значи, за мене, пред се, овој попис и овој закон е политички изнудена работа. Затоа, не држат оние констатации дека еве не е тоа политичка одлука. Но, во ред, еве реков поради тие причини да се сложиме дека треба да се изврши попис односно да се донесе ваков закон. Дали со овој попис сега во 1994 година тој што ќе се спроведе нема да направиме потполно исти грешки, не ние, туку што одредени македонци, ќе кажам пред се, во власта, директно во власта ги правеа од 1945 година па навака. Пред се, околу вероисповеста, јас ќе ви кажам примери од 1946 и понатаму година кога одредени македонци со исламска вероисповест се попишуваа дека се македонци, а самите попишувачи како македонци, повеќето беа од православна вероисповест и им велеа, па вие не можете да бидете македонци, затоа што имате исламска вероисповест. Таква една грешка, сега се надевам , инструкторите нема да ја направат како што е правена тогаш, односно дел од кривицата сносат и тогашните власти за асимилација на тоа македонско население, кое на некој начин сега е асимилирано во албанско или труско население.

Исто така, мора да сфатиме дека македонец може да биде и на "ќ", може да биде и на "с" и на "н" на "ов" и на "ски". Тоа е нормално кај сите словенски народи, а ние сме, а тоа мораме да го признаеме како нација

дел од тие големи словенски племиња , истото треба и кај нас да биде. Зошто велам и на "ќ". Имам случаи што човек ми се има обратено со оваа аргументација,. Вели, јас се презивам на "к", пред 4 години се пишав македонец, професорката во гимназијата каде што учев ми вели Ти не можеш да бидеш македонец, затоа што си на "к". Такви работи исто така, не би требало да случуваат при овој попис, односно инструкторите да го почитуваат тоа.

Инаку, исто така од нашите активисти во Албанија од македонците кои живеат во Албанија сме известени дека таму се проширила една теза дека вие се попишувате овде, затоа што луѓето спроведуваат еден попис, таму интерен попис за да се пребројат македонците колку се, сега стигнаа до 350,000, а претпоставуваат дека се некаде над 600 иљјади итн. вели албанските тајни служби ве попишуваат и велат не се попишувајте како македонци, ќе ве преселиме во Македонија а албанците кои ќе се попишат ќе си дојдат тука. Мислам дека една таква теза е можна и кај нас да се појави односно да продолжам понатаму за мене оној дел што не е прифатлив во овој закон, тоа е пред се членот 35, каде што ја имаме онаа антиуставна одредба дека иницирано од предлагачот, т.е. од Владата на РМ дека пописот ќе се изведува на тие 6 јазици и се бројат таму според уставните одредби и плус српскиот што се додава како уставна категорија.

Овде често пати се употребува експертите, експертите, слушаме на радиот и телевизија итн. стручњаци. Да се разбереме, тие пред се стручњаци по демографија и луѓето на една прес конференција односно новинарите си кажаа дека ние сме пред се стручњаци по демографија односно и по статистика, меѓутоа, не сме стручњаци по уставно право. За мене е чудно како тие стручњаци по демографија си даваат за право да ни предлагаат на една суверена држава како што е суверена РМ без разлика под кое име е примена во ООН и под тоа смешно име итн.

V/5

меѓутоа тие ни даваат за право, а нашиве повеќето новинари итн. и Владата се повикува на нивното мислење. Уставот е категорија и мора да знаеме, за што пред малку овде, пред еден час слушнав дека РМ не е унитарна држава. РМ е унитарна држава согласно Уставот Со ова, на овој начин на мала врата се воведува кантонизација. А зошто велам кантонизација? Ако се сеќавате сега пред некој ден во Нова Македонија се појави една карта од една грпка организација каде што Македонија е поделена на 4 кантони. Тие 4 кантони можат да значат дека еве оваа влада на РМ и дава за право на тие што ја правеле таа карта дека во РМ живеат повеќе народи, малцинства итн. таму се вели грчките малцинства и се претпочитува создавање на кантони, каде што да кажеме, Битола и целиот круг таму со Прилеп итн. округ да речеме би бил под Грчка доминација, односно она истото што Вашингтон -Пост го објави како една грчка доктрина дека Грците во случај на најмали " немири во РМ ќе создадат една безбедноста зона од 30 км. што воздушна линија да земеме го опфаќа токму тој кантотн. Меѓутоа, тука мене ме загрижува околу овие можни сценарија кога РМ ме загрижува вели Ние тоа ќе го сториме само при најмали инциденти во РМ а знаеме дека после изборите во 103 и 1 се случија такви работи односно, без разлика што од мојата партија беше кандидатот наш да изјави дека во РМ на следните избори единствено може да се сруши оваа власт по недемократски средства. Знаете што значи тоа? Тоа е токму идење по тоа сценарија што да кажеме оската е Атина - Белград. Зошто така? Без разлика што припаѓа исто на таа партија , се декларира како член на национално демократската фракција во ВМРО-ДПМНЕ и затоа зборувам дека сите тие можни сценарија ќе бидеме ние сите како парламент криви, пред се, и сите овие партии, а најповеќе ќе биде оваа коалициона Влада која на мала врата дозволува да влезе во тие такви сценарија за иднината на РМ.

Затоа, велам не треба никој да ми заблагодарува од право итн. треба да бидеме принципиелни и, пред се, на јавноста да и кажеме што се може да донесе и предлогот како што е предложен од Вашата коалициона Влада, меѓутоа, и некои изјави на некои неодговорни функционери, кои не знам од кои причини такви изјави даваат. Мене не ме зачудува тоа што еве ние сме на некој начин , се огради некој од таа изјава, ме зачудува повеќе што од таа изјава односно од соопштените кое ја поддржува таа изјава не се огради мојата партија. За тоа треба да разговараме затоа што и тоа е принципиелност, пред се. Затоа, мислам дека ако она што амандмански реагирам јас со одредени пратеници најповеќе во однос на членот 35, пред се треба Владата да има еден слух тие наши амандмани да ги прифати, стриктно да се применува Уставот, уставните решенија во однос на службениот јазик и мислам дека нема да има проблем за донесување на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена, јас сакам на сите да ви укажам дека неодговорно ако воопшто некој од говорницата кажува дека на некои шпекулации, на некои тајни грчки организации и нивните облигации овде со нив некој соработува и им дава повод, или не знам им дава аргументи, особено тоа не е Владата. Тоа е една сосема промашена работа и ве молам да внимавате на тие изјави. Втор, партискиот живот е партиски живот, а ова е говорница на Парламентот., Повторно се јави господинот Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Без разлика дали треба да ги спомнуваме, јас мислам дека треба да ги спомнуваме сите можни шпекулации во интерес на соочување на мирот во оваа Република. Тоа е од интерес на сите граѓани, без разлика дали е во интерес на македонската нација и на малцинствата, но во интерес е на сите граѓани. Сите бараат мир, пред се мир, а сите оние

проблеми што ги имаме во институциите ќе ги разрешуваме . Во тоа е суштината на настапувањето . И оваа говорница е од овде, без разлика што е ова законодавен дом, пред се , е политичка трибина. Најјаката политичка трибина во РМ. Никој не обвинува никого дека свесно влегува во тие сценарија, меѓутоа несвесно секој може од нас да влезе во тие сценарија. Тоа треба да ни биде јасно, затоа што ако после пописот се утврди некоја бројка колку има македонци, на пр. 70% се македонци, тие истите ќе се јават и после ќе кажат ова е фалсификат. Без разлика дали ќе има експерти или ќе нема експерти овде како едни набљудувачи. Тие шпекулации ќе продолжат. За жал треба сите да размислуваме какви изјави даваме односно какви законски решенија предлагаме во ова Собрание. Затоа што оваа држава според нејзиниот устав е унитарна држава. Овде од оваа говорница се изјавува дека оваа држава, РМ не е унитарна држава вие кои гласавте еден закон во 1991 година, пред се, од позицијата не станувате тоа да го негирате. Единствено, ми се чини некаде пред 6 или 7 месеци, или пред 1 месец госпоѓата Силјановска како министер реагираше дека оваа држава согласно Уставот е унитарна држава. Никој пратеник не стана тоа да го каже. Тоа е пред се ваша задача, затоа што сте со нив во коалиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, моето укажување останува она што го кажав, и ве молам говорницата да се користи во целите кои се предвидени со Деловникот.

Господин Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Сакам да протестирам на начинот како ја води претседавачот седницата, господинот Стојан Андов, на начин како префидно ја изведоа заеднички во договор со претходниот дискутант, бидејќи како прв пат во

овој Парламент една непостоечки фракција на една легитимна партија која досега функционира. Ако од честа на досегашниот излагач го служи и моралот и ликот, тоа може да го каже тоа може прво во својата партија, во редовите, бидејќи се декларирал сто пати овде на оваа говорница како да е некојси координатор и настапувал секогаш како координатор. Јас лично протестирам за настапот на досегашниот дискутант кој промовирајќи се со своето убедуваше, промовира нешто партиски принципи. Претседателот Стојан Андов апсолутно не сакаше да реагира на таа форма. Мислам тука да се види. Ако беше лапсус, тога благодарам ако вие во Владата правите такви лапсуси.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само сака в да му укажам на господинот Лулевски дека после излагањето на господинот Стојков јас токму и на тоа укажав, а господинот Луловски ако не следел, не внимавал тоа е негов проблем. Навреме јас точно укажав како да се користи говорницата да не се користи во партиски цели. Тоа го укажав на г-дин Стојков, но сега му укажува и на г-дин Луловски, тоа тој истото го стори овде.

И како што не сум договорен со г-дин Стојков, ве известувам дека не бев договорен и со г-дин Луловски за неговата партиска интервенција што ја направи од овде.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Да бевме договорени сигурно немаше да ви ја нападна коалицијата во која вие сте член. Тоа е пред се. Меѓутоа, мене ми е жал што и после 3,5 години во ова Собрание се уште има пратеници кои не научиле што значи тоа демократска партија , односно не прочита- ле ниту една книга за политичкиот живот да кажеме во една В,Британија. Германија итн. Да се разбереме , јас морам да им објаснам затоа што господинот импутира

некои нелогичности. Видете, на некого му е ќеф да направи од едно ВМРО да станат 6 ВМРО. Тоа е нашата реалност. Затоа што и одговара на оваа владеачка структура. Меѓутоа, да се мисли поинаку во сопствената партија е најнормална демократска работа во цела Западна Европа односно секаде каде што се почитува парламентарната демократија. Тоа се најосновните средства. Таму имате дали фракција, дали криво дали лево, десно, центар итн. тоа е најнормално. Подобро од таму да си ги разрешуваме работите, овде секогаш седниците ќе ви одат подобри. Еве да ја спомнам само конзервативната партија во Велика Британија таа има крила 3, нормално, во секоја партија тоа се случува, меѓутоа, менталитетот на овој македонски, балкански пред се не ни дозволува, за жал, и после 3,5 години не им дозволува менталниот склоп на некои пратеници да научат што е тоа парламентарна демократија, што е тоа политичка партија итн. и како и на кој начин живее и рабо5и таа партија.

VI/1. -ЛП/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Коле Луловски уште еднаш бара реплика.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Едно е сигурно дека не сум прочитал ниедна книга од демократија ни од марксизам, бидејќи не сум учествувал на ниедна марксистичка и титова - како да ви кажам, да не ви го спомнам името ка- де сте оделе и вие, како еден од тие на кои опозицијата цело вре- ме му реплицираше, споменувајќи ги тие школи, таканаречени. На ниеден семинар и курс не сум учествувал и не сум ни читал такви книги. Чест ми е што не сум ги читал ,тие демократски марксистички книги.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам нешто да ви укажам. Јас не сум сигурен дека ова е договор меѓу пратениците Стоиле Стојков и Коле Луловски да се обидат овде да инсинуираат да ја прекинам седницата. Јас немам намера тоа да го правам, сакам да продолжиме да работиме, а пратеничките групи доколку имаат некои внатрешни спорови, треба да си ги расчистат таму кај себе, ако има некои новини во организацијата се соопштуваат на конференција за печат. Сега да продолжиме.

Има збор пратеникот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, необично ми е драго што денес расправаме за оваа материја, за законот за по- пис на населението, домаќинството, стопанствата итн.

Уште веднаш да кажам, ние демократијата ја знаеме онолку колку што ја разбираме. Не може да ми каже некој некоја демократија, односно на нас да ни кажува демократија, ако не ја разбираме вака како што е сега. Сигурно некоја друга генерација поубаво ќе ја разбере демократијата.

Мислам дека искажувањето овде на еден наш добар колега, професор, за литературниот македонски јазик и неговата употреба токму во овој Парламент е многу убава работа и добра, но би посочил една работа дека овде од оваа говорница често се зборува за бивша југословенска Република Македонија. Јас мислам дека македонскиот јазик е многу богат и има еден збор поранешна и немојте со тоа бивша и асоцирањето на Бајрам, па уште малку е Курбан Бајрам, па ќе речете и Курбан Бајрам Република. Според тоа, сметам дека треба некоја исправка да направат одредени колеги Македонци кои го знаат својот мајчин јазик и би требало тој збор да се брише, па дури и на телевизија тоа се зборува дека е бивша.

Околу законот, да ви кажам дека овој документ седнавме заедно и партијата ПЦЕР и другара ромска партија, Демократска прогресивна партија, го разгледавме заедно и на општо задоволство констатиравме дека овој документ е навистина голема работа за Република Македонија, сеопфатен е и содржи многу елементи кои се резултат на договорите и преговорите со Парламентот, што ги водевме овде, договорите, односно разговорите со претставниците на многу земји и дипломатии во Република Македонија, односно во градот Скопје, договорите што ги правевме, односно што ги водевме со претставници на повеќе институции и претставници на повеќе меѓународни институции овде дојдени за Република Македонија, за нејзиното признавање, па и прашањето на пописот, прашањето за бројчаната состојба на

населението и да не се занесуваме дека ова беше работа и е работа само на една политичка партија или само на едно тело или пак на Владата, но да знаеме дека објективно е ова што го прави Република Македонија и добро е што го прави. Се чудам, ако ние денес многу негира- ме еден факт зошто на пет-шест јазика се прави пописот со помошни формулари - простете, но да ве потсетам на една многу битна фундаментална работа која ја спроведовме со референдумот за независна и суверена Република Македонија, тогаш апелот беше на сите јазици кажан и на телевизија и на радио и беше печатен. Тогаш никој од нас не рекол зошто е на шест или шт ознам колку јазици. Сега како да сакаме нешто да кажеме, нешто што не ни е јасно. Јас знам дека постои одреден страв кај граѓанството на Република Македонија од некои политички партии, во овој случај кај нашите драги колеги кои овде малку подруго зборуваа на таа тема околу законот. Мислам дека не треба да има бојазност, Република Македонија и граѓаните на Република Македонија сакаат мир, сакаат сожителство, само ние овде понекогаш се расправаме, но верувам дека ќе надвладее разумот и само со демократски дијалог ќе најдеме начин како да ги решиме сите прашања, затоа што од овој попис што треба да биде изведен ќе зависи како понатаму ќе се развиваме, како ќе ги правиме нашите планови за развој од повеќе аспекти, од аспект на образовната, културната, социјалната, економската и политичката еманципација на сите наши граѓани. Заради тоа, мислам дека треба да се ангажираме сите во своите политички партии, ако некоја сака да апстинира или да каже лево-десно, што знам, некое оправдување, мора да им објасниме на нашите граѓани дека овој попис мора да биде многу точен за да знаеме каде сме и што утре да правиме околу нашиот развој, пред се образовниот, културниот, економскиот па и друг развој.

Сакам да искажам задоволство дека на преѓешните дискусии кои ги правевме овде, на минатите дискусии околу предлогот, нацртот за

VI/4.-

Законот за попис дека се опфатени доста работи, скоро 99% од предлозите од повеќе пратеници, па и она што го зборував јас и јас верувам дека овој попис ќе ни даде за право да се пофалиме како Република Македонија и не ќе има повеќе можност ниту еден од нас ниту една политичка партија, ниту еден политички субјект да даде кривотворни податоци на било кое ниво во Македонија, надвор од Македонија, на било кое ниво на средба со странски дипломатски претставници, со странски делегации кои доаѓаат овде итн. Јас морам овде да кажам дека немав никаква намера ни најмалку да полемизирам околу прашањето на мојата популација, дали е 52 илјади, 55 илјади итн., меѓутоа, морам да кажам дека на еден состанок на кој бев повикан, организиран во Републичкиот завод за статистика, каде што беше прашањето дали да има нов попис или не, ни беа дадени материјалите и таму видов колкава е бројката и си велам што е сега ова. Добро, ако може да се погреши за 10, 15 илјади, може да се погреши и за 100 илјади. Условно така велам, нели. Според тоа, овој попис ќе ми каже и мене, а и на сите вас верувам, и на другите политички партии кои не се застапени во Парламентот да знаат на што се и да знаат како треба да се развијат. Јас верувам дека по донесувањето на Законот за попис нема да се разбудат односно да се развиваат некои вампири да ги речам, да одат од село по село и да ги бираат дека не се овие овие, туку се друго нешто. Ни во Западна Македонија, ни во Источна Македонија, иако се направи обид да се направи нешто, меѓутоа, општ впечаток ќе треба да биде и треба да биде наша задача сите политички партии и субјекти да речам да седнеме заедно со раководството, да разговараме и да бидеме побудни, за да не залута некоја овца како би рекол попот. Онака, секој по свое убедување да се искаже што е, а не под присмотра односно да рече - еве ти пакет па речи дека си тунгузијанец. Јас вчера прочитав во "Нова Македонија", мислам дека во Украина тоа беше, има околу 114 етнички

припадности, националности, па дури прочитав дека децата ромчиња учат и на ромски јазик. Што е тоа чудо?! Ништо чудо не е ако учат еден час неделно ромски јазик. Тоа е навистина убаво и верувајте дека Ромите сигурно го знаат македонскиот јазик, а овој документ што ќе биде отпечатен, како што беше тоа направено и за референдумот, ќе биде само еден голем плус за Република Македонија и за нас Ромите дека и на наш јазик ние имаме државен документ. Знаете, тоа е големо нешто, тоа е како мелем на рана.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Има збор пратеникот Кирил Ковачевски.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници овој наметнат вонреден попис е од причина што редовниот попис од 1991 година беше бојкотиран од страна на албанската народност - тогаш беше се уште народност, сега е националност - организиран од политичките партии ПДП и НДП, само затоа да се скрие нивната бројна состојба, бидејќи во светот се претставуваа дека се многубројни во Република Македонија, дури 40%, па и половина од населението, па поради тоа требало да бидат конститутивен народ. Истовремено, со бојкотот се прикриваат доселените Албанци од Јужна Србија, Косово и Албанија. Се прикрива незаконски стекнатиот имот, узурпирани земјишта, диоградби итн. За неучество во пописот се предвидени казнени мерки, но актуелната политичка власт не ги спроведува само затоа со помош на нив уште повеќе да ја зацврсти власта.

Охрабрени од претходно наведеното албанските политички партии уште повеќе го развија сепаратизмот и во многу европски институции праќаа разни претставки, поплаки, петиции и др. и се прикажуваа дека

бројната состојба им е многу голема, а тие јадните дека се угнетувани. Затоа, Женевската конференција за поранешна Југославија при Обединетите Нации и Комитетот на министри на Советот на Европа узгубија доверба во Владата и Републичкиот завод за статистика на Република Македонија и намена нов срамен вонреден попис само три години после редовниот, кој треба да е контролиран од меѓународни комисии. Така, една суверена и самостојна држава, меѓународно призната, се разбира со срамно име, Бајрам, се извинувам на пратеникот Фаик Бади бидејќи литературно ќе биде Бајрам сега и без знаме пред Обединетите Нации, го губи уште повеќе достоинството со овој наметнат и срамен вонреден попис.

При спроведувањето на редовниот попис од 1991 година, тогашната Влада работеше антиуставно и дозволи пописните обрасци да се дистрибуираат, освен на службениот македонски јазик, и на јазиците на народностите, тогаш беа народности, што значи само на албанската и турската, покрај македонската. Тогаш немаше шест народности, туку признаваа само три, а тоа беше спротивно на амандманот 4 3 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија. Но нашево Собрание тоа не го дозволи. На нашето Собрание се изгласа закон каде што ќе биде пописот само на македонски јазик и тогаш мнозинството пратеници гласаа и од левата и од десната страна, гласаа за тој амандман тогаш што се прикажа и се изгласа да биде пописот само на македонски јазик. Но сега истите бараат пописот да биде на шест јазици. Од три се вратија на еден, па сега на шест, истите луѓе. Но, можеби затоа е бојкотиран пописот од страна на албанската народност. Сега се јавува нов момент. Владата дозволува да можат лицата кои ќе се изјаснуваат да се изјаснат на уште пет јазици, јазици на националностите, така што одредбата на член 35 одговорите ќе бидат запишани на јазиците на националностите

во оригинална форма, без преведување на македонски службен јазик. И при овој попис пак се крши Уставот, се работи антиуставно, со цел Владата да се додвори на коалициониот партнер, а и од некоја принуда од страна на европските експерти по демократија во врска со финансирањето. Ако гоземеме Уставот, ставот 1 на преамбулата "Македонија е конституирана како национална држава на македонскиот народ", значи неслучајно македонскиот јазик е службен во Република Македонија одиме понатаму, во член 7 став 1 на Уставот на Република Македонија - "Во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо", понатаму, член 48 став 1 од Уставот - "Припадниците на народностите имаат право да го изразуваат, негуваат и развиваат својот идентитет и националните особености". Треба да е јасно и ова.

Од сето ова е јасно зошто треба да се пополнуваат обрасците само на македонски јазик.

Драги пратеници, Владата работејќи антиуставно врши атак и врз претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров. Тој не се согласи со потпишување на договори за време на престојот во Бугарија пред некој ден на официјални јазици, а сега се спомнуваат во Република Македонија шест официјални јазици. Тоа го има во законот. Можеби Владата во иднина ќе бара меѓународните договори да се потпишуваат на споменатите шест јазици.

Покрај горе наведеното Владата легализирајќи шест јазици овозможува нашата Република да стане мултинационална држава, а тоа го сака надворешниот и внатрешен непријател, за да дојде до делба, а делбата носи војна, крв и колеж. Земете ја за пример Босна, па не треба понатаму друго да ви кажувам, што значи Владата божем го зачувува мирот, таа не носи во војна.

Ако погледнеме од економска гледна точка, пописот носи сиромаштија. Тој се спроведува во година кога треба да се спроведат повеќепартиски избори, во година кога се спроведува економска стабилизациона програма, се јавува масовна општествена активност, нови дангуби и трошоци. Бидејќи Владата однапред знае дека нема да стасаат финансиските средства што ќе се обезбедат преку меѓународните организации на Европската заедница за помош на Република Македонија, си дозволила да земе кредит. Тој кредит ќе се потроши и сиромаштијата ќе се зголеми. Знаеме зошто се зема кредит. Кредит се зема за да се инвестира некаде, па тоа да се исплати потоа, а не да се потрошат парите како во овој случај за пописот, каде се предвидуваат попишувачи на шест јазика. Значи во секој град, во секое место ќе има попишувачи на шест јазици, па покрај тоа Републичката пописна комисија има 15 членови, наместо девет. А тоа се се хонорари.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Ви истече времето.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Имајќи го предвид сето ова, ќе гласам за овој закон, до колку се усвојат нашите амандмани и се изврши корекција на Законот, што значи се почитува Уставот од следните причини:

Прво, конечно ќе се обелодени бројната состојба на Албанците жители на Република Македонија и Албанците дојденци.

Второ, конечно ќе се обелодени, кога ќе се споредат двата последни пописи колку имаме одродени Македонци муслимани и Македонци христијани, па еден ден и за нив да се поведе сметка.

VI/9.-

Трето, актуелната политичка власт ќе си ја покаже своја та неспособност што дозволила одродување и намалуваше на македонскиот народ во своја суверена и самостојна држава.

Четврто, крајно ќе се обелодени незаконски стекнатиот имот, узурпираните земјишта, дивоградби итн.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Дами и господа во принцип јас немам ништо, ниту можам да има против пописот за кој државните органи процениле дека е потребен, ред-овен, се разбира, а може и вонреден , доколку за тоа постојат се разбира оправдани причини.

Поаѓајќи од причините што ја натерале актуелната власт да бара обавување на вонреден попис, од начинот на подготовката на овој вонреден попис, како и од некои конкретни решенија, можам да укажам на неколку прашања што го проблематизираат овој попис. Не го исклучуваат, но сепак го проблематизираат.

Причина број еден е за актуелната власт да предложи обавување на вонреден попис е познатиот бојкот на граѓани од албанска националност да одговорат на статистичката операција во 1991 година. Организаторите на тој бојкот, на таа граѓанска непослушност се и денешни предлагачи на овој вонреден попис, имајќи предвид дека се во коалиционен однос со другите неколку партии. Спротивставувањето , бојкотот се обави, санкциите изостанаа, дури и за тие што го организираа, на- против имаме хиерархиско авансирање на организаторите на таа граѓанска непослушност. Тоа се факти. Значи прифатен е методот на уцена, дали уцените ќе го одредуваат спроведувањето на законите во нашата држава а организаторите на уценувачките постапки ќе се распоредуваат во влас та што треба да ги спроведува законите без задршка, бидејќи прво тие треба да ги спроведуваат законите, или пак ќе се продолжи со истите методи на уцени со прекршување на почитувањето на законите, а потоа повторно ќе уследуваат нови и нови предлози во смисла на обавувањето на потребите што ги има секоја нормална држава.

VII/2.-

Значи тоа е едниот момент кој што бара сенка на овој попис, заради тоа што едни ја извршиле граѓанската должност, други не ја извршија граѓанската должност и сега во улога треба да се појават повторно истите субјекти. Едни повторно заради другите да ја повторат својата обврска , постапката за пописот , не говорам за сето изгубено време во врска со тоа, за штетите за сето ова време што ние се бавиме со вакви прашања, можеше да биде завршено во 1991 година и т.н., за економската штета во врска со тоа и слично, за тоа не зависно дали некој од надвор ќе ни дотури некој долар или нема да ни дотури.

Второ, овој попис ставен во извесна смисла под меѓународна јурис дикција бидејќи се финансира од страна,-се пишува закон според големото влијание но тие странски експерти, но и политичари странски ќе се надгледува, се разбира, исто така од надвор Владата на Република Македонија тоа го прифати , врз основ ана тоа ние можеме да заклучиме демек ако сакате вонреден попис платете ги тие 1,7 милиони еки ние демек немаме 1,7 милиони еки за повторување на вонреден попис, и ако чувствуваме дека има потреба од вонреден попис, бидејќи сепак пристапуваме кон вонреден попис. Да презентираме состојба на Републиката која што ќе каже дека ние немаме 1,7 милиони еки и заради тоа не го обавуваме ние, ако сакате да го обавиме платете го, не е баш достоинствено за Република Македонија, бидејќи Македонија се разбира има и 1,7 милиони еки, има и нешто повеќе од тоа. Арно ама давањето на тие пари вас односи нас сите во тој случај не обврзува да слушаме малку повеќе отколку што треба да слушаме, едноставно да прифаќаме нешто што не е во доменот' на стручните совети, во рамките на стручни инструктажи на некои решенија што исто така однадвор ни се нудат, што пак не е многу добро и многу достоинствено за нашата држава.

VII/3.-

Во државата пак од друга страна фрчат изјави за значењето на вонредниот попис, за неговото дури изедначување со референдум за Суверена Република Македонија. Се обидувам да го протолкувам тоа изедначување и чувствувам како со тоа да сака да се каже пописот е да се биде или да не се биде за Република Македонија, а тоа преведено поедноставно значи сега е моментот да го одредиме нашето државно и национално битие. Нели е тоа сериозно и опасно само потценување, само проблематизирање на националниот и државниот идентитет на Република Македонија , само негираше на достоинството. Се оди дотаму за да се каже дека овој попис е толку важен колку што беше важен референдумот за Самостојна Република Македонија, а сепак тој ни случајно е тоа, ниту ќе биде тоа иако се обави и ако не се обави.

Трето, да се говори дека без овој попис не знаеме ништо во државата, значи да се тврди дека , да се тврди или да признаваме, или некој да признава дека ние не сме имале никаква држава досега, дека не располагаме елементарни податоци за бројот на граѓаните, за имотите во оваа држава, а имаме без број закони за даноци и т.н., обврзани и лично граѓаните и врз основа на имот и т.н. А тие истите во исто време тврдат што е точно дека држава имаме барем од АСНОМ. Ако имаме држава барем до АСНОМ имаме се разбира, основни податоци и за некои податоци таа држава не може да биде доведувана во прашање или да се проблематизира се ова таа држава , затоа што еден дел од населението покажал граѓанска непослушност и демек се е сомнително итн.

Државите со малку пристојна администрација секојдневно го знаат и имотот и бројот на своите жители . Јас сум убеден дека и нашава администрација и ваква каква што е , која што сите ја критикуваме со поголемо или помало право, дел е од нас, сепак знае и колку сме и чии

имот поседуваме и станови и земја и т.н. И без овој дополнителен попис заради тој дополнителен дел од граѓаните на Република Македонија. Државата нема потреба непослушноста на дел од граѓаните кон законите да ја решава со доведување под сомнение на се и сешто, односно некој други. Амбивалентниот и не соодветниот однос кон ова прашање ја дове, Владата сепак во состојба да покаже недоволна подготвеност во оваа операција, имено веќе е поминат стандардниот рок за вршење на вакви статистички операции, дури и продолжениот рок повторно ќе биде пролонгиран, што е очигледна ситуација а обавувањето на вака големи статистички операции и самите подготвуачи, особено Статистичкиот завод знае дека не е баш добро да се обавува во такво време. Препуштањето на оваа операција од меѓународна јурисдикција и тесните фраг- матични интереси на коалицијата го турка предлагачот кон решенија ко) немаат целосна потпора во Уставот на Република Македонија и тоа е очигледно дека се работи за решението кое се однесува врз примената на јазиците и за оние квоти кои се повеќе и повев' се шират како метод за учество на државната администрација, или на друго место, а и едното и другото нема баш потпора во Уставот за кои што сакаат и тие што ги предлагаат овие решенија да бидат граѓански, односно сите државјани да бидат рамноправни по однос на полот, верата, нацијата и т.н. Сега јас не говорам за тоа дали треба на овие јазици вакви да бидат обрасците или онакви или не, туку говорам во Уставот на република Македонија што пишува, додека важи тој Устав се разбира.

Шесто, атмосферата во врска со овој попис прилично се политизира и тоа може да има влијание и да се почувствува како притисок кај некој што треба да се определуваат во мирна атмосфера за тоа што се и како се. Таква атмосфера се произведува и тоа не е добро и тоа треба да се елиминира час поскоро, затоа што секој граѓанин негово

право е, негова интимна сфера е да каже под мирни околности што е и како е, без разни политички мешетарања и без притисоци. Тоа се неколкуте нешта што мене за да бидам без. задршка за овој вонреден попис, значи не велам не, но не можам да бидам без задршка заради сите овие околности.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници наспроти причините што ги наведува Владата за усвојување на Предлогот на закон за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во 1994 година и натаму останува дилемата пред која што сме испречени . нема уверлив одговор зошто вонреден попис, наспроти вообичаената практика за сите земји попис на секој 10 години. Сметам дека за Република Македонија и македонскиот народ е крајно навредливо да се прави ваков попис и да се прават вакви оставки како што се прават со овој вонреден попис. Отстапки спрема оние што се прават што бојкотираат редовно попис, значи се прифаќаат отстапки со уцени во однос на службениот јазик, во однос на составот на пописните комисии, методологијата на пописот итн. се разбира со нечесни и тенденциозни намери. Нашата меѓународна обврски беше и остана пописот од 1991 година со кое се>обезбедени основите демографски податоци за сопствени и меѓународни цели според критериумите на меѓународната заедница. Не прифатливи се ултиматуми, не прифатливо е фаворизирање на правата на националностите на штета на сопствениот народ. Нема објективен попис бес претходно законско регулирање на предусловите за еден таков попис. Нашата Влада пред Советот на Европа не најде за сходно да го проблематизира прашањето на демограф- ската окупација во западниот дел на Македонија. Наспроти тоа наместо високиот комесаријат за бегалци во Обединетите нации да расправа за овој проблем, Владата досега не ја предложи за ратификација Конвенција за правата и

положбата на бегалците усвоена од Обединетите нации во 1951 година, каде во член 12 точка 1 децидно стои дека статусот на бегалците ќе се одрази со закон во земјата на престојот на бегалците. Бес тој закон за бегалци кој е донесен во речиси сите Европски земји , тој е донесен и во Словенија и во Хрватска, ние не можеме да зборуваме за попис под притисокот на населението во западниот дел на Македонија населено по секоја репресија на Косово и кој и натаму се населува, бидејќи не е решено прашањето со северниот сосед. Доколку законски се регулираат тие права нема да има дилеми со јазикот на пописот со пописните листи и другите барања што ултимативно се поставувааат, а некои од тие видовме дека се и неуставни. Според мене не прифатлив е овој закон бес претходна информација за демографските движења во Македонија што Владата не сака да ја достави и по неа да се расправа, заради се разбира потребните гласови од коалицискиот партнер ПДП-НДП. Демографската окупација не може да се објасни со тврдеше дека настанала по пат на наталитет, по природен пат. свесно се прикрива механичкото движење, доселувањето на албанското население од Косово и од Албанија во Македонија. се затвараат очите дека станува збор за меѓународни демографски движења на штета на Македонија. не се кажува дека причините се политички , свесно се насочува движењето на населението од една националност на територија на друга, во почетокот како привремено населенување, а потоа трајно. Очигледно дека се сака менување на структурата на населението на националната територија, на територијата на Македонија се разбира. Очигледно се негира сувереното право на државата за заштита од демографската експанзија тоа што го прави секоја земја со закон, се ограничува и не се дозволува емиграција на својата национална територија. Дури и САД како што е познато уште во 1882 година го има донесено познатиот

американски емиграционен закон за забрана на доселувањето на емигранти од други земји, посебно од азиските. После следи уште еден таков закон од 1924 година со кој се одредува системот на квоти со цел да се ограничи доселувањето, наспроти тоа ние сведоци сме дека такви квоти и такво законско регулирање за доселувањето на населението од Албанија не постои. Се разбира тоа се прави со цел да се спречи злоупотребување од страна од други држави со таквото население , се разбира, тие цели се познати да се дестабилизира земјата во која што се доселува таквото население, се злоупотребува нивниот статус на доселени лица, нивната положба , националните и верските права и ние ги гледаме тие тенденции овде како тие се злоупотребуваат и се разбира, сето тоа во функција на известителните служби на соседните земји во конкретниот случај на Албанија.

Од Владата никогаш не добивме закон за државна статистика, а разговараме за попис, тоа е своевиден апсурд. Нема попис доколку со закон не сме ги регулирале основните статистички начела. Начелото на пристап на податоци, начелото на стручна независност, начелото на неутралност и објективност на државната статистика.

VIII/1.- НН-ВБ

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение)

... имајќи го предвид и начелото за јавност и тајност на податоците што со закон го има регулирано секоја самостојна и суверена држава , а ако ние сме тоа навистина требаше тоа со закон да го регулираме. Не е донесен ни законот за статистички истражувања, а ние зборуваме за едно масовно статистичко истражување како што е пописот. Не е донесен законот за еднаквост на евиденцијата на статистичките податоци, а се прави попис како што рековте, како најголема статистичка акција. Не се прави тоа што е неопходно заради новите задачи што статистичката служба ги има во меѓународните комуникации заради размената на податоците со други земји, затоа што таква објективност на Македонија сега за сега најмалку и е потребна. Се разбира не може да се користат за злоупотреба и за политички цели во однос на коалициониот партнер. За жал се уште по стариот закон и стариот терк постои републички завод наместо државен завод за статистика, републички комисии ни се нудат во текстот наместо државни комисии. Очигледно далеку сме од правната дражва, затоа што во тие државни комисии ако сме правна држава треба да бидат прифатени кандидатите на опозицијата. Држава е и опозицијата, а не само позицијата. Од тие причини не се прифаќа тие термини и тие промени.

Се разбира тоа не наведува да бидеме далеку од еден објективен попис. Се разбира сето тоа е во функција на дневната политика во служба на режимот на власт на штета на интересите на сопствениот народ. Ќе ве потсетам дека во Конвенцијата за национални малцинства што ја изработи Европската комисија за право и демократ ја во состав на Советот на Европа во 1990 година стои "меѓународната заштита на малцинствата не дозволува било каква активност кој е во спротивност со темелните начела во меѓународното право и суверенитетот, територијалниот интегритет и политичката независно на државата во која

живее малцинството." Потоа, матичното население кое припаѓа на малцинството на подрачјата на кои малцинствата имаат мнозинството не можат да доживеат дискриминација како матично население. Тоа не е регулирано кај нас, ниту пак Владата се обврзува да го регулира и заштити токму тоа доницилно население. Од тие причини неприфатлив е тој закон за попис што очигледно го фаворизира малцинството од политички причини од позиции на власт на штета на сопствениот народ.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Како пратеник на ВМРО-ДП претходната верзија по истиот овој закон за кој денес расправаме да го донесеме го оценив како неопходен и пописот како државна активност од национален и државен интерес. Но, како што е познато во однос на текстот на Предлогот искажав став дека тој не е прифатлив и заради тоа сметавме, го пренесувам ставот како пратеник на ВМРО-ДП дека доколку денес биде- ме невнимателни ќе донесеме за кој што ќе има не само негативни туку и опасни импликации во понатамошниот развој на македонската држава. Пред се, заради тоа што овој закон го донесуваме во ситуација кога Македонија се конституира, не е до крај завршено конституирањето на државата,. а исто така заради тоа што се наоѓаме во избор на година, а овој закон без оглед на тоа дали сакаме да признеме или не, и има и мора да има врска и со изборите и особено со законот за државјанство со неговата операционализација.

Оваа Влада која денес ја изразува политичката немоќ на Македонија се почесто во неспособноста да изнаоѓа решенија за излезе од кризата во македонската држава се повикува, барајќи притоа алиби на решенија од други држави било да се работи за укажување на модел или на решение. Во еден сегмент и тоа многу битен од македонската држава,

во економијата видовме што значи таквото повикуваше, видовме што значи кога оваа Влада се повикуваше на економската програма која што треба да ги содржи елементите што ги содржат развиените земји во Западна Европа и притоа видовме дека оваа Влада не може да го види тоа што веќе и обичните луѓе го гледаат дека не може за .Македонија да се преземаат готови решенија од држави кои што имаат стабилни политички и економски системи, а кога знаеме дека Македонија е во транзиција и дека за Македонија наместо стабилизациони програми потребни се специјални стратешки програми кои ќе изнаоѓаат решенија за транзицијата. Така и во случајов на донесувањето на овој закон за попис. Исто така се повикува оваа Влада на решенија од другите држави кои што имаат долгорочна традиција на своја државност, кои што не се оспорувани како држави, кои не се обвинувани за нерешени прашања во однос на малцинските права, пред се заради тоа што малцинските групи кои што живеат во тие држави се лојални, не ги оспоруваат тие држави, заради тоа што тие држави дале малцински права кои што се многу пониски во нивото на таквите остварувања од оние што Македонија ги дала. Но притоа уште еден елемент за кој што оваа Влада нема слух, а тоа е дека прашањата на малцинските права тие држави ги имаат решено во билатерални договори со државите со кои што имаат заеднички меѓу себе испрегутетени малцинства по строго одреден принцип на реципроцитет.

Од тие причини пописот кој е прв во самостојна Македонија овој попис кој што сега вонредно се планира го има истото значење како и законот за државјанство. Секако дека во наредниот период според стандардна методологија секој 10 години и во Република Македонија ќе се одвиваат пописи кои што ќе имаат исклучиво статистичка вредност. Но, за овој попис би биел слепи и секако мора да побараме и некоја друга намера ако тврдиме дека нема или дека не може да има и

подлабоко политичко значење, токму од причините кои што ги наведов. Затоа Република Македонија како суверена држава треба да донесе закон кој ќе ги штити македонските национални интереси. Се постави прашање денес во дискусијата зошто македонската левица го прави ова на сопствениот македонски народ. Затоа што македонската левица сака да остане на власт по секоја цена и затоа што ја следи сопствената стратегија да владее над другите македонци со помош на гласовите кои што треба овој Парламент да ги донесат и албанските пратеници: оттаму и отстапките што се прават. Зошто го прави во амакедонската левица на сопствениот македонски народ? Затоа што знаеме дека главниот влог на политичката игра и учеството на власта и на сите овие валкани игри кои што ги води е општествениот капитал. Тоа е и главниот мотив што македонската левица и по жестокиот отпор на спротивставување на статусот на македонската дражва како самостојна национална држава на македонскиот народ согледувајќи ја можноста во транзицијата да го разграби општествениот капитал, иако закаснето прифати ориентација за самостојна македонска држава па и бара и сопствени заслуги за тоа како да не паметиме како да за сето тоа што се случуваше се одвиваше пред 100 години.

Зошто македонската левица го прави ова на сопствениот македонски народ? Затоа што капиталот кој го стекна бидејќи немаше соодветен отпор, бидејќи на време оневозможи и македонската опозиција во нејзиниот развој стана преголем, односно Македонија како самостојна држава стана претесен простор да може да го пласира. Оттаму бара партнерство однадвор за својот капитал и рушење на границите на самостојната македонска држава. Затоа македонската левица му го прави тоа на сопствениот македонски народ кога прифаќа една опасна теза за Македонија како мултинационална држава. Затоа што Македонија не е загрозена од надвор туку треба да се доведе

македонскиот народ во ситуација да побара сам помош од некаде, но за тоа треба да биде потполно дестабилизирана ситуацијата. Законот кој што денес се предлага е токму во таа функција.

Да резимираме. Планираниот вонреден попис, прв во самостојна Македонија е изнуден како резултат на ескалацијата на сепаратистичките и сецеонистички тенденции од страна на албанското малцинство во услови на апсурдното егзситирање на нивните политичи партии. Тој покрај другото има тесна врска со операционализацијата на законот аз државјанство и со изборите кои ќе се одржат оваа година. Во тој контекст не може од страна на македонските партии кои учествуваат во власта или пак се во опозиција да се игнорира фактот што едно вакво решение ќе предизвика раслојување на македонското национално ткиво, на пример македонците муслимани да се изјаснуваат како албанци или турци. Слично ќе се случи и со други припадници на разни етнички групи кои беа интегрирани во македонското општество. Всушност пописот со ваков закон, предлогот од Владата намерно се става во функција на дефинирањето на Македонија како мултинационална држава што е директно на линија на стратегијата на нашето опкружување кое ја оспорува националната самобитност односно правото на сопствената самостојна држава на македонскиот народ.

Тезата за мултинационална Македонија е директна замена односно континуитет на развивањето на македонското национално ткиво кое во поранешна Југославија се одвиваше под поимот југословенско. Значи таквите тези се градат и поддржуваат од истите центри, но во прилагодена форма во новонастанатите услови во кои се наоѓа денес Македонија. Попис да, но со закон кој Македонија ќе ја потврди како унитарна национална дражва на македонскиот народ, а не Македонија како држава на малцинства.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Слушајќи некои дискутанти, последниот па и Гошев во неговото најново демократско издание како се загрижени за уставниот поредок и како е загрижен македонскиот унитаризам станав да кажам неколку збора заради јавноста, па и оние пратеници кои не го прочитале Законот, па ќе имаат трпение да го прочитам член 35 од Законот и после да додадам мој мал коментар. Во него пишува: "попишувачот е должен да ги информира лицата кои се попишуваат дека имаат право на слободно избирање за попишување на официјален македонски јазик или на јазикот на националноста на која лицето припаѓа (албанска, турска, влашка итн.)

Во случај каде што попишувањето се спроведува на еден од јазиците на националностите двојазичните обрасци се пополнуваат на јазикот по избор на лицето кое се попишува.

Во делот на обрасците во кој се врши попишувањето на еден од јазиците на националностите името, презимето, името на местото, општината, адресата на живеењето и називите на населените места и државите треба да бидат потполнети и на официјален македонски јазик користејќи кирилично писмо согласно документите по член 38.

Пописните обрасци, се мисли на член 10, за попишуваее на еден од јазиците на националностите ќе бидат отпечатени двојазично (официјален македонски јазик) користејќи кирртлично писмо и на еден од јазиците на националностите и коментар односно правното и логичното толкување.

Прво, ниеден од јазиците на националностите не е фаворизиран. Напротив, секаде фаворизирање на македонскиот јазик. Тоа што е Владата односно изготвувачот на овој закон принуден да прифати една ваква солуција пописот да се врши на јазиците на националностите се токму тие конвенции господо пратеници на кои се повикуваше еден од

дискутантите кои Македонија не ги има потпишано, но согласно член 108 од Уставниот закон за спроведување на Уставот ги има прифатено. Токму тие конвенции за рамноправноста на јазиците се опфатени во тие документи на конференцијата за европска сигурност и безбедност односно во документите за човечката димензија и париската карта.

По однос на експертите јас не сакам да се повторува . Тука нема сомнение, се знаат и имињата и нивните препораки и документите кои се тука приложени и нивните компетентни мислења. Тука нема никаква тајна. Едноставно мораше така да биде.

Само уште едно жалам. Зошто некои се раскинуваат овде да докажат дека на овој начин се дестабилизира Македонија. Во што се загрозува Македонија? Токму вистинскиот број некого го заплашува. Лично мене како Албанец нема да бидам посреќен ако испадне дека во Македонија има 30% Албанци, ниту ќе бидам помалку среќен ако се 20+5 па и 20 господине Арсов ако е тоа за вас мала утеха. Овој попис едноставно мора да се спроведе и овој пат нема да бидеме ние. На 6 или 12 јазика, па макар и на алжирски иако тој не постои.

**ШУКРИ РАХИМИ:**

Со Предлог законот за попис на населението сметам,. неговото усвојување е една потреба заради многу државни потреби. Меѓутоа, ова прашање толку се исполитизира во Парламентот токму затоа што некои пратеници сакаат преку овој закон да направат политички маркетинг а од друга страна ние овде губиме време и не можеме да обавиме она што стои пред нас. Сметам дека овој предлог- закон во споредба со поранешниот проект претрпе извесни промени во неговата содржина со што треба да се овозможи пописот да го извршиме и да го растеретиме ова население и самите себе да се растеретиме од тој баласт на неточностите што сме ги наследиле. Ред е еднаш да имаме објективен

попис и затоа веќе да не расправаме бидејќи сметам дека само објективниот попис ќе го симне од дневен ред ова прашање околу кое се губи толку драгоцено време, а тој попис нема ниту да го намали ниту да го зголеми постојниот број на населението.

IX/1.- JM/ЉР

**ШУКРИ РАХИМИ:** (продолжение)

Токму од тие причини гледам дека некои луѓе се плашат од вистината. Ова население што денеска живее во Македонија тука живеело и порано, меѓутоа нормално е да има и демографски движења како што се одење, доселување што секогаш постоело и ќе постои не само кај нас, туку и во сите држави во светот. Македонија не прави никаков исклучок во тој поглед. Затоа сметам дека нема никаква потреба од исполитизирање и од плашење дека ова прашање ќе добие поинакви димензии, што ти ја знам. Меѓутоа, самиот отпор на некои партии и некои пратеници овде што досега дискутираа ни дава и зборува дека имало несоследности и неточни работи околу пописот. И токму од тие причини луѓе и денеска сакаат да ја задржат таа состојба која била и порано. Со овој попис сметам дека треба да се симне и ова сомневање што веќе постои меѓу луѓето и овде меѓу нас во Парламентот, па и меѓу населението.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господо, дозволете ми од оваа говорница да го изнесам своето мислење по однос за или против, на овој закон. Законот како закон е еден како и останатите други закони. Јас кажува има потреба да се донесе, меѓутоа при донесување на закон се водат основните елементи: Дали со тој закон се задоволува некоја потреба ако таа потреба постои што со истата се постигнува, или што се губи Во овој случај јас да не го повторувам последниот говорник дека некој се плаши од она што ќе се попише. Господа, во животот луѓето викаат, ако еднаш таткото на детето му попушти затоа што плаче, тоа секогаш со плачење ќе ја остварува целта. Ние имавме еден попис и оние кои го избегнаа тој

попис сега сакат да бидат најгромогласни да докажат дека, еве ние исплачевме една потреба и сега ќе се попишуваме. Нека се попишуваат. Јас кога говорам, нека се попишуваат, ќе го оправдам тоа. Ние воведовме во оваа држава државност. Што значи оспорување на нацијата дали постоела повеќе години, или не со Уставот и Законот за државност ние сите станавме македонци со различно потекло. Мене не ми е страв да се попишуваат македонци од различно потекло, дали се тоа од албанско, дали се од турско, дали се од влашко, дали се од ромско, или било кое, тие се сите македонци. Ако не се македонци, а сакаат да се попишуваат или имаат намера да стварат друга држава, тогаш ние немаме попис на население, туку имаме попис на недржавјани и попис за растурање на држава. Овој елемент треба да го имаме сите на ум, а ако се одлучивме да правиме држава, да правиме нација, тогаш се одлучивме да избереме и со кој јазик ќе се служиме во таа држава. Уставот одредува дека јазикот е македонски и неговото кирилично писмо. Зошто сега ни паѓа напамет да преку еден банален закон за попис на население создаваме и го омаловажуваме основниот елемент на државата службениот јазик. Ова што некои колеги овде рекоа дека е напишано официјален јазик во текстот, јас .ќе го примам веројатно како лингвистичка грешка, ќе може да се исправи, затоа се расправа во Парламентот и тоа ќе се исправи. Овде нешто друго ме погодува. Дали одредницата што е дадена во член 10 ќе биде доволна да ги задоволи некои потреби кога се употребува термин технички инструмент. Јас ќе се вратам во мојата практика, дали машината за пишување не е технички инструмент во работата на судот? И замислете таму се применува македонскиот јазик, кириличното писмо, а машината е на кинеско писмо. Дали тој инструмент не го нарушува барањето од Уставот да биде и

писменоста на кириличното писмо. Значи и тој инструмент не може да биде составен на друг јазик освен на службениот македонски јазик. Зошто го велам ова? Уставот е јасен во член 7 став 1 говори за службен јазик и за потреби на државата. Но, дозволува покрај тој службен јазик во употреба во локалната самоуправа да бидат и јазиците на малцинствата поголем, или значителен број. Кога е ова вака, дали ние тероретски ќе допуштиме и ќе дозволиме овде и оваа државна работа ја подведеме под локални единици? Ние мораме да правиме разлика, териториајта на државата е унитарна, потребата на мултинационалност е сон на некој. Дали тоа ќе биде желба, или не тоа е друго прашање? Овде говориме за уставност. Се работи исклучиво за државен интерес. Јас ќе го цитирам и зборот на претседателот на Собранието даден на конференција за печат кога говореше за државен интерес и дека ова е од суштествен државен интерес, заправо овој закон е од државен интерес. Тогаш дали закон од државен интерес ќе има содржина која ќе го руши државниот интерес. Тоа е во прашање, а не е во прашање дали ќе бидат составени 5, 10,15, 20, или 30 јазици, тоа воопшто не е во прашаше. Овде имаме институција на држава и институција на партии. Партиските превирања се повеќе јазици, државниот интерес и државната институција е унитаристички јазик, односно службениот јазик што е зацртан со Уставот. Затоа сметам дека оваа одредба во член 35 начелно без разлика кој се употребува дали македонскиот јазик како прв, или како втор нема место да се споредува со другите јазици, затоа што единствена можност употреба на службените јазици е во единците на локалната самоуправа и тоа за потребите на локалната самоуправа. Ова е државен интерес, таму службениот јазик е македонски јазик.

И одредницата што значи технички инструмент, ќе мораме околу тоа да се позабавиме. Јас не го сметам за технички инструмент да можеме некој да го надминеме. Техничкиот инструмент ако е навистина технички инструмент, зошто не биде составен на службениот јазик Затоа нема никакво значење зошто ќе го именуваме со друг јазик кога имаме официјален службен јазик, а тоа е македонскиот јазик. Што значи не треба сами како држава да се девалвираме. Ако попуштиме на едно место, попуштиме на друго место, на трето, на четврто навистина настапува јазична федерализација, а јазикот е еден од темелите за разбивање на државата. Некој ќе ми забележи, па како ти ќе ги застапуваш интересите на Македонците во соседните држави Да, ако се работи за државен интерес нашите македонци таму ќе се повинуваат на државниот интерес на таа држава, а правата ќе ги сотаваруваат по она што им го дава Уставот и законите на тие држави за да не би довелед8епријатности, до судири, до етнички судија еднички недоразбирања и се што води на непријатности. Според тоа, почитувани колеги јас ве молам сфатете еднаш за секогаш дека ако се определуваме да оваа држава заеднички ја градиме тогаш да се определиме и се определивме за Уставот, навистина едни не го гласаа, меѓутоа сега го применуваат со фалинки, а тоа не е чесно.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Господа пратеници, околу Законот, понудениот закон сигур- но немам ништо против да се одбива некој повторен попис, но со начинот како ни е дадено во членот 2 и членот 35 сигурно би реагира; заради следниве причини:

IX/5.-

Член 2 е тотално неаргументиран. Во него се вели:... податоците добиени од пописот ќе се користат прво за: национални планирања. Се прашувам јас ако ние сега со осамостојување на државата почнуваме се од почеток веќе да вршиме национални планирања, дали ние со тоа не промовираме тоа што најмалку очекуваме. Промовирање со член 35 на јазици, дали ние си даваме преголем легитимитет да го промовираме влашкиот јазик, да го промовираме ромскиот јазик без легитимититетот и прво и прво прашувањето и консултација со другото население кое живее надвор од РМ кој се чувствува влав, или таканаречен може и ние ги нарековме власи, можам да речам ароман, можам да речам на местото ромите - циганите можам да речам тоа е и нормално џипс. итн. Кој си даде право и во чиј легитимитет ние уште еднаш промошраме еден влашки јазик без соодветни јасни концепции граматички и азбуката по која треба да се работи. Јас се ставам на еден од тие што го познава добро аромaнскиот јазик, може и одлично. Немаме легитимитет и нема никој тука во ова Собрание и во самата Влада, кој може да изврши една проверка на познавање на некој си влашки јазик. Прво, која е таа институција? Јас го промовирам аромaнскиот јазик, а влашкиот јазик останува тие што го, ако ние во Уставот ја промовираме влашката националност најмалку имаме право да промовираме влашки јазик. Тоа бара студија, бара научна институција која треба да ни одреди кој е тој јазик, влашкиот. Истото тоа важи и за ромскиот јазик. За мене членот 35 сигурно ќе предизвика дискусии. Се вели: ... или на јазикот на националноста на која лицето и припаѓа, на албански, турски, влашки, ромски или на српско хрватски јазик. Секој јазик асоцира на некој народ, секој народ асоцира држава. Јас ве прашувам, српско хрватскиот јазик, на која националност е српско хрватскиот јазик. Дали со тоа се мешаме во правата на Србите од соседната држава да го дефинираме јазикот кој

што не постои. Дали со тоа ги преземаме правата од претходниот комунистички режим што ние имавме еден вештачки јазик, српско-хрватскиот јазик. Во членот 35 јасно пишува. Српско-хрватски јазик, прво и прво тука се работи за српски јазик, асоцира на државата која што е соседна. Хрватски јазик кој асоцира на друга независна држава. Друга работа, влашкиот јазик на која држава асоцира? На кој народ? Дали со тоа сакаме ние сега јасно да му ставиме на знаење на овој свет дека некој си тука во еден собир, во Владата , или било каде, Заводот за статистика си даде право уште еднаш да ви потврдам влашкиот јазик да го асоцира со некој си, со власите кои што за жал до ден денес ние можеби имаме емисија на влашки јазик, тоа е точно, но тоа е легитимитет само на овие власи што живеат тука, што се декларираат власи. Немаат право власите кои што се чувствуваат да си дадат право да промовираме и ние тука да го промовираме влашкиот јазик без да ги прашаме власите кои живеат во соседна Грција, без да ги прашаме власите што живеат во Србија, итн. во Бугарија и во Албанија. Немаме право да зборуваме за ромскиот јазик кој што жалосно не знае ме колку е тој јазик кој што се зборува преку нашите емисии на ромски јазик на нашата Македонска телевизија. Не ни даде правогниеден тука, ниту народот нашиот народ не ни даде право ние сами да го промовираме тој јазик. Сакам да се поврзам исто така со Второто заседание на АСНОМ. Дали со тоа ќе го анулираме спорното заседание на АСНОМ, Манифестот на АСНОМ? Зарем таму на Второто заседание, на Првото и на Второто заседание на АСНОМ, со Манифестот, зарем таму немаше претставници од влашкото население, зарем таму немаше од српската народност, зарем таму немаше од албанскста народност, зарем тој Манифест беше печатен на 5, б јазика ли,? Зарем ни требаше после 50 годни да промовираме нов Манифест со 6 јазици?

IX/7.-

На кого му служи? Ние прво за влашкиот јазик треба да расчистиме меѓу многу јаки институции ако сакаме да дискутираме за друг јазик Како нас ни се оспорува македонскиот јазик до сега, така може да се случи после 30 години, 40 години да се оспорува легитимитетот на нашето Собрание тука промовирајќи го влашкиот јазик, промовирајќи го ромскиот јазик. Веројатно претставникот од ромската партија ќе се лути, најмалку има право да ми реагира. Научно нека излезе, имаме во многу држави стотина илјади повеќе роми, имаме стотина илјади во соседните земји. Тоа е факт.

Дали ако ние со досегашните пописи што се извршија во комунистичкиот режим почнувајќи од 1948 година, 1961, 1970 итн. да не ги повторувам на некого му беше скратено правото да се декларира влав, ром, итн., на никој не му беше скратено тоа право. Тој што си правеше кариера само на него му беше скратено правото. Повелете, видете го кандидатот, сегашниот кандидат за генерален директор на Телевизија. Жалосно јас сум слушнал дека е една од националностите. Во биографијата не пишува да знае влашки јазик, пишува да знае грчки јазик, и италијански. Зарем на некој му е срам да го каже тоа што го знае влашкиот јазик? Јас кажувам на оваа говорница дека го знам одлично Ароманскиот јазик, го владеам. И можеби и јас имам легитимитет да водам пописна комисија. Нека излезе тој што е влав, нека каже го знам јазикот влашки, писмото итн., тој ќе има право, легитимитетот да зборува во име на сите власи, во името на сите роми.

Дали статистичките податоци што се извршени член 2 став 3 дали статистичките податоци до сега што ни ги нудеа историските податоци за време турското, за време српското, за време бугарското што го викате бугарско, за време на фашизмот, тогаш немаше попис, пардон, за време

на комунистичкото дали се тие легитимни? Дали нашите институции можат да ги анулираат сега? Дали ние имаме право со тоа да ги оспоруваме тие пописи од 1900-га година, дали тие не се научни итн.?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена. Инаку тоа што го викаат бугарско, беше бугарска окупација, а не само фашистичка, беше бугарска окупација.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Јас се извинувам ако е така сфатено бидејќи попис за време на окупацијата не било попис. Бугарска окупација за мене не постоела во Македонија. Никој не може да си даде право дека имало бугарска окупација во Македонија, имало фашистичка окупација во Македонија, Ако сакате вие да ја делите Македонија можете да кажете окупација во Македонија имаше италијанска, имаше германска, имаше и бугарска. Тоа е правилна историја. Само тоа е правилно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во Македонија имаше значи и бугарска окупација,дефинитивно прифативте.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Зборувам за окупација на Македонија, а не на делови на Македонија. Не сакам да ја делам Македонија на делови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој дел што беше под Бугарија беше под окупација.

(Реакции во салата)

Ја молам г-цата Димовска да биде по дисциплинирана, да не прави бунтови овде.

IX/9.-

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа, навистина многу го ценам г-динот Луловски професор по математика и мислам се упушти во работи во кои што не му е местото тоа да го каже.

**ФАИК АБДИ**:(продолжение)

Ако една Индија има официјален јазик англиски, што да и правиме, ѓавол да ја носи. Мислам дека ни најмалку право нема г-динот Луловски да зборува за ромскиот јазик, како што јас немам никакво право да зборувам за славјаните, кои каде и на кои дијалекти го употребуваат својот книжевен јазик.

Заради Ваша информација г-динот професор Сизман од САД и Ќеринг од Велика Британија извршија научна и стручна верификација на сите учебници на кои во иднина треба да учат ромските деца од I до VIII одделение еден час. Да го прашате г-динот главен уредник Петров во Просветно дело ќе ви каже дека за некој ден ќе почне печатењето на овие учебници. Немојте да го занемарите ова и да го понижувате јазикот на Ромите , кажувајќи дека овие се викале цигани, овие каури, овие мајмуни, овие не знам што. Мислам дека треба да бидете достојни на овие клупи, достојни на изборот од народот и Ве молам немојте да употребувате вакви зборови, зошто не чини тоа. Модот респект и понатаму останува спрема г-динот Луловски, само мислам дека згрешивте во ова. Инаку за Власите немам што да кажам, знам доста, меѓутоа, немам право. Кога ќе има претставник од нив овде сигурно ќе го направат за никаде г-динот Луловски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Џаферовски има деловничка интервенција.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Почитуваниот пратеник Коле Луловски во својата дискусија меѓу другото спомнувајќи за манифестот на АСНОМ, кажа спорното заседание на АСНОМ. За кого е спорно? За г-динот Луловски, или да стане г-динот Луловски и да се извини дека направи грешка.

Слушна цела Македонија. Немојте да оспорувате нешто што е така.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сигурно е грешка во искажувањето.

Има збор г-динот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Доколку вака го сфативте немам ништо против да прифатам, но сигналот кој нон стоп се даваше тука да прекинам со дискусијата, едно друго, Моето спорно ако го кажав веќе тоа спорно, се однесува на , до крај да ви го докажам.

Често пати некои пратеници на некои партии на оваа говорница ,и во нашите јавни гласила се кажуваше дека некои партии ги оспоруваат одлуките на АСНОМ. Некои пратеници го оспорувале. Со тоа јас сакам , доколку ние (дофрлување од салата дека е направен лапсус) , не е тоа лапсус. Ако го кажав само спорното, некои го оспорувал кон некои партии да кажам кон ВМРО да речеме. Често пати излегувавте вие и велевте"сте против Манифестот на АСНОМ". Тоа е кажувано тука на оваа говорница. Можете да прочитате и во "Нова Македонија" и во сите списанија. 06јаснувањето што е. Ако ние сега во ваква ситуација документот на АСНОМ беше напишан само на еден јазик фактички ние со тоа легитимитет му даваме , ако ние веќе после 50 години во присуство на Првото заседание каде присуствуваа неколку националности, присуствуваа и Срби, присуствуваа претставници од Егејскиот дел и од Пиринскиот дел, присуствуваа и Роми, присуствуваа и Власи, да не ви кажувам сега и имињата, знаат и Албанците, присутни беа на 11-то Заседание. Ако тогаш ние побаравме тој документ да биде напишан на 5-6 јазија, а ние сега после 50 години си даваме право во ова

Собрание да промовираме, тоа е проблемот. Инаку ние не го оспоруваме, јас лично не го оспорувам. На оваа говорница да Ви кажам уште еднаш е оспорено, е негирано, можеби мене ми е кажано, можеби на мојата партија досега итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да се разбереме, јасно е.

Има збор г-динот Тодор Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Пописот како статистичка операција за утврдување на податоци во врска со населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства за мене лично не е спорен. Пописите како најмасовни статистички акции кои се спроведуваат за определена периодика, најчесто 10-годишна, за мене исто така не се спорни. Никој не ја спори потребата од објективноста, професионалноста и стручноста во спроведувањето на овој нареден или било кој друг попис. Меѓутоа, пописот не е само граѓанско право туку и граѓанска обврска санкционирана со позитивните законски прописи. Пописот не е договорен однос на државата со поединци и со одредени не, знам какви колезстивитет

Во претресот по Предлогот за донесување на законот ја прифатив предложената верзија со забелешката дека пописот треба да се врши на службениот македонски јазик и неговото кирилско писмо на целата територија на државата во согласност со Уставот. Меѓутоа, во начелниот претрес ќе укажам на неколку дилеми.

Прашања кои се разликуваат од Предлогот за донесување на законот предложени во оваа II фаза во Предлогот на законот.

X/4.-

Предлогот за донесување на законот за попис Владата го предложи во Собранието на 29 ноември 1993 година, со Предлог-пописот да се спроведе од 1 до 15 април 1994 година. Тоа за мене беше објективно прифатлив приод за одржување на пописот.

Зошто и кои беа причините предлогот на законот Владата да го достави во Собраниска процедура дури на 28 април оваа година со Предлог пописот да се спроведе од 1 до 15 јуни, за да веднаш со свој амандман од 5 април оваа година да предложи пописот да се спроведе од 21 јуни до 5 јули 1994 година.

Впрочем ако пописот е статистичка операција зошто Владата не ја почитуваше статистичката теорија и практика, пописот да се одржува во време кога е најмала флуктуацијата и миграциите односно движењето на населението во април или октомври, туку го одбра токму летниот период. Па нели целта на Владата беше резултатите од пописот да бидат објективни. Со вакви еквилибристики на Владата лично се сомневам навистина дека пописот и резултатите од пописот ќе бидат објективни.

Некои пописот го изедначија со референдумот, со образложение дека со него дефинитивно треба да се отфрлат аспирациите на одделни земји и некои тамошни политички опоненти за етничката структура на населението во Македонија и дека секое спротивставуваше за донесувањето на законот е лобирање на разни политички опции надвор од Македонија, што за мене е крајно не одговорна политичка изјава. Крајна несериозност е ако Владата прави попис за да го потврдува македонскиот етнички идентитет на било кој од надвор. Тој ја оспорува македонската самобитност, зошто на таа карта уште ќе се игра со референдум за името на државата, за знамето, за постоењето на посебноста на македонскиот народ итн.

Бидејќи беа искажани одделни дилеми и во врска со одржувањето на референдумот со истакнувањето на рекламните паноа итн., ќе го кажам следното:

Македонскиот народ се попишувал во оваа држава на сите пописи. Попишан е секаде каде што живеат денес Македонци, а постои и покрај негирањата на опонентите во земјата и во странство, сега и во иднина, со овој или наредните пописи и дека последната македонска држава не е создадена на 8 септември 1991 година, туку е возобновена на 2 август 1944 година. Затоа за Законот ќе гласам така како што мислам, а не како некој што мисли од надвор. Таквите ампутации целосно ги отфрлам. Всушност никој, лично и тоа за себе си го сметам не се плаши од вистината на попишувањето. Тие што се плашеа од вистината го бојкотираа пописот 1991 година, а можеби некои други ќе бојкотираат и некои други пописи во иднина.

За обилните забелешки повеќе при претресот во амандманската расправа.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа, дозволете.^ми со неколку зборови да се изјаснам во врска со Предлогот на законот за попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските добра што треба да се одржи оваа година во РМ. Фактички како што и од многу дискутанти видовме ова е вонреден, а јас би рекол уште и изнуден попис затоа што редовниот попис, а 6-ти по ред во РМ беше направен на 31 март 1991 година, за жал на тој попис не учествуваа сите граѓани на оваа Република, се разбира поради поголема апстиненција на албанската националност на овој попис. И покрај тоа што апсцинираа поголем број

некаде околу 40.000 Албанци или од албанската националност учествуваа или некаде, според податоците од тој период околу 10%. Се поставува прашање има ли потреба' од ваков попис и на кого тој ќе му служи, или пак нема потреба од ваков попис. Дека потреба има и затоа тој се извршува на секои 10 години, како што беше тој во 1991 година за да се добијат бројни податоци за составот на населението или демографските податоци, во прв ред за наталитетот, морталитетот односно миграционите движења и миграцијата, емиграцијата итн., да се добијат бројни податоци за економ- ската состојба во државата и да се овозможи идно планирање барем во најмала рака за една деценија од наредниот период.

Што се однесува до потреба од ваков попис има. Не толку поради тоа што беа изместени границите после осамостојување на нашата држава, меѓутоа, колку да се добијат уште навистина податоци кои во минатото или поготово во однос на државјанството кој што беше закон усвоен пред две години за да се види кои се државјани на оваа Република, да се видат многу податоци за имотно правните односи, кои, се разбира за тие што не беа попишани во 1991 година , тоа ќе го покаже и ред други податоци. Меѓутоа, ноторно е дека со овој попис, поготово со неговиот член 35 се вршат и уставни и законски повреди. Повеќе од дискутантите изнесоа дека со член 7 од Уставот, поготово со став 1 каде што е зацртната потребата на официјален, да речеме службен јазик или државен јазик во Македонија е македонскиот и неговото кирилско писмо, а во став 2 , односно во став 3 за употребата на јазиците на националностите само во локалната самоуправа. Во овој случај промовирана е една употреба на јазиците на цела територија на РМ, што со Закон не е тоа и усвоено. Ако ние како едно законодавно тело се

обидеме да ги искривуваме прописите, односно Уставот и законите или пак не ги почитуваме, во тој случај како законодавно Собрание таква улога не би требало да ја имаме понатаму. Тоа едно.

Второ, многу малку, скоро и воопшто не слушнав на оваа седница во овој општ претрес од тоа , дали меѓународното влијание е толку големо да требаше да се изврши овој вонреден, односно дополнителен попис. Мислам дека меѓународните фактори предлагаа само финансиска помош во реализирањето на овој попис, некаде од 1.900.000 еки, а другото е ние дали ќе го прифатиме тој попис или не. Мислам дека меѓународните форуми, асоцијации немаат никакво право да сугерираат во однос на тоа дали треба да направиме попис поради тоа што некој во 1991 година не се обидел ни да излезе на попис како државна обавеза, а сега морате тоа итн. Што би станало сега кога , да речеме некоја друга страна било тоа дел од македон-скиот народ или од некоја друга националност не би излегле на пописот. Во тој случај кантарот кај ќе биде? Поради тоа што некои во 1991 година не беа казнети, дали сега треба да бидат исто така не казнети и овие , затоа што они ќе го имаат тоа право да' кажат"тогаш тие луѓе не излегоа на попис иако беа подготвени пријави за казнување или да се изведат пред судија за прекршоци, не беа казнети, а ние сега пошто сме апсциненти во овој вонреден попис, дека треба да бидеме казнети и Законот на правната држава да го доживееме врз нашиот грб". Според тоа ако европските или некои други асоцијации го плаќаат овој попис, како што и експертските групи или пак посматрачите тоа што ќе го сносат нивните држави, ние како држава треба да процениме дали има потреба или пак нема потреба од донесување, односно правење на овој вонреден попис. Мислам како држава во овој случај ние избрзавме во однос на една

ваква понуда. Значи еве ви ги парите, па вие сега правете попис итн. Тоа е едно.

Второ, дали тие еден 1.900.000 еки навистина ќе бидат доволни да се изврши еден попис на едно вакво подрачје, односно на држава, бидејќи имав впечаток дека ќе бидат потребни многу повеќе пари.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ**: (продолжение)

Во тој случај од каде сега нови дотации за овој попис, кога се знае дека комисии ќе треба да има повеќе итн. Затоа, мислам дека сепак треба да прецениме и во овој општ претрес,а исто така и по текстуалниот дел односно во амандманската расправа дали ќе има потреба од донесување на овој закон. Мислам дека во текстуалниот дел кога ќе биде разгледуван ќе го кажам своето мислење дали ќе гласам за овој попис, односно за овој предлог на закон или не

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште.некој друг бара збор. Господинот Стевковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека амандманската расправа во текот на утрешниот ден ќе биде поинтересна, па од тука нема да бидам опширен. Ќе бидам едноставно попрецизен. Овој закон, потребата за негово донесување е утврдена. Тоа значи дека законот ќе се донесе, а ќе се донесе со учество на пратениците од ПДП, бидејќи и тие се една од основните причини за овој вонреден попис. Кога викам една од основните причини, поаѓам од вистината дека пописот во 1991 година беше утврден со закон и албанската националност го бојкотира. Во тој случај имаме една ваква состојба. Законот што се донесе за попис во 1991 година беше во согласност со Уставот на РМ. Да сме многу прецизни сега, сега одиме на една обратна варијанта, па викаме носиме закон спротивен на уставот. Дали албанците ќе гласаат, ако имаме ваков закон, што не е во согласност со Уставот на РМ.

Видете, јасно е во 1991 година со одредбите кои што беа дадени во законот за попис се спомнуваше и турската националност односно на албански и турски јазик, она што се избриша со законот за измени на законот за попустот. Се случи она што се случи дека турската

националност во РМ го почитуваше законот и излезе на попис, и не го бојкотира. Тоа значи дека не беше во прашаше употребата на јазикот на соодветната националност, едноставно зад бојкотот на пописот стоеја други цели. Не е битно, нели? Како не е битно и тоа е многу.

Понатаму, Владата на РМ во својот прв предлог за донесување на законот една од причините ја наведе бојкотот на албанцкте. Меѓутоа, веројатно сега е скарана, па сега прави една корекција во новото образложение на предлог законот и неспоменува бојкот, туку споменува потреба, државни интереси итн. На РМ, навистина стојат државните интереси во услови на независна држава, да се изврши попис. Тоа никој не го оспорува. Тоа е факт. Нели? Меѓутоа, на оваа држава и е потребно да се почитува самата себе си. Дали во случајов ние имаме почитување, кога ќе споменам сера она што викаме Европската унија, Советот на Европа, Експертна група која дојде да ни даде голема помош на Владата на РМ во конципирање на текст на закон кој што ќе овозможи, еден, да кажам, нормален попис. Оваа експертна група, според нашите сознанија што ги имаме си дозволи да го толкува и Уставот на РМ , но вешто мислам ја навлече Владата на РМ таа да го крши Уставот едноставно прогласувајќи се дека тие се статистичари, експерти по прашањата од статистиката, а не по прашањата на Уставот и Уставното право, со други зборови вие сте тие кои треба да одлучите. А ќе одлучите, затоа што ние сакаме вака и затоа што ние ќе ви дадеме пари. Во животот познато е правило кој плаќа, тој и диктира услови.

Може да се каже и во друга форма. Меѓутоа, нашата Влада ја презема сега одговорноста за донесување на закон кој што е спротивен на Уставот на државата. Оттука, логично се поставува прашање зошто Владата го прави ова. Зошто Владата предлага еден закон, кој што е спротивен на одредени одредби од Уставот. Логично се поставува прашањето дали Владата не е принудена на ваков чекор, а тој чекор

ако стои зад него Европската заедница, мислам Европската унија, се поставува прашањето дали со пописот не се прави еден обид да се изврши една кантонизација на Република Македонија од аспект што во прва фаза се протура употребата на јазиците на сите националности во Републиката. Ако ова го посматраме во еден малку поширок контекст, а тоа е контекстот на игрите што се направија со Република Македонија околу нејзиниот прием, околу нејзиното меѓународно признавање, јасно дава до сигнал, до сознание, ова можеби ќе биде увод во една кантонизација и од друга страна прејудицирање на решенија во Законот за локалната самоуправа. Јас овде имам многу точки забележано, меѓутоа, ќе оставам за утре, а сега само сакам да укажам во делот на законот каде што се зборува за попишувањето на лицата и тоа лицата ќе се попишуваат и од местото ќе се евидентира од местото на доселувањето и годината на доселеноста во Република Македонија. Тоа е членот 6 став 1, алинеја б. Ова решение што го дава предлагачот, Владата во законот е една грижа на совест на Владата, бидејќи грижа на совест од аспект на Законот за државјанство и утврдените услови од 15 години Сега на овој начин се прави еден напор да се ублажи на одреден начин, барем да се евидентира во Република Македонија на лицата кои што немаат домицилно државјанство. Сите знаете што значи домицилно државјанство, тоа се лица кои се третираат во целиот етнички простор на Република Македонија и таквите лица се евидентираат како државјани и тоа е столбот на една држава. Во случајов се право само еден напор како грижа на совест и тоа ќе биде многу успешно. Со ова би ја завршил денеска својата дискусија, а ќе се јавам утре со тоа што сакам да кажам

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сите други разговори надвор или утре, немојте тука ве молам

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Кога ќе разговарам по амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, само немојте да сметате на следењето на расправата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Инаку, сметам она што се заговара и бара примерок од образецот за попис останува кај граѓанинот што се попишува, мислам дека е крајно несериозно, испаѓа како да е тоа авионски билет, па ќе имаме еден примерокваму, еден примерок таму и слично и дека тоа би послужило веројатно за некој друг завод за статистика, а денеска го почитувам она што беше дофрлено за Илирида.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Авди Муртезани.

Инаку, ве опоменувам вас пратениците првите три реда од десната страна се за претставници на владата и таму да не седите. Тишина, затоа што го нарушувате редот на тој начин. Сеедно ве молам и ви е укажано да не правите таков неред.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами господа пратеници, Уште еднаш би апелирал дека и би барал да бидете толку парламентарни колку што сум и јас. Ве слушам и ве почитувам сите и барам толку да ме почитувате и да ме сослушате, ако сакате, ако не тоа е сосема друга работа. Доста навреди, меѓунационални, меѓучовечки околу јазиците, мене ми се чини наместо за конкретна тема ние зборуваме фактички за симпоозиуми. Меѓутоа, добро би било да учествуваме во тие симпозиуми да бидеме компетентни за тоа, не сме. Дури се што сакаме да знаеме дури за сите сме експерти. А факт е дека не сме експерти за се и секогаш

човекот се учи. Па, јас би рекол јазикот нема коска, оди каде што сакаш да го вртиш, и ако сакаш да навредиш, ќе навредуваш, ако немаш очи другите ќе ти ги отвораат и ако не сакаш да бидеш навреден, тогаш не малку имаш право да вреѓаш. Тоа се однесува на некои и на повеќемина од вас колеги пратеници. Да не употребуваме термини, кои се неуставни и да можеме да се викаме како што сме и како сакаме да бидеме. Јас би бил среќен да бидеме демократични како што се западњаците односно Западна Европа меѓутоа далеку сме од таа демократија. Јас би сакал да владее правната држава, што фактички не владее, не владеела и нема да владее вака. Меѓутоа, ситуацијата е вака и нормално реална. Меѓутоа, не со неправо се експлоатира зборот "албанците го бојкотираа пописот". Пописот драги колеги, го бојкотиравте вие, тогаш претседател на влада експертот Никола Кљусев заедно со госпоѓата која е претседател на заводот на статистика која тогаш слушаше и мислеше дека сите албанци ќе бидат казнети, и сите ќе бидат истерани ако не излегуваат односно ако не се попишуваат. А, тоа беше вашата идеологија колега од лева страна. Фактички, било како било ние сме во оваа ситуација. Сега друг ќе ни диктира темпо. И ни диктира и ќе ни диктира. Фактички пописот беше невалиден и така остана. Вие сакавте односно тогашната влада, па и сегашната да го прави валиден, меѓутоа, не било тоа така и според тоа пописот е една реалност. Ние мораме да го прифатиме ќе го прифатиме сите, а ако не го прифатите и ако го бојкотирате сега кривицата ќе биде на ваша страна. Се смеевте на нас, сега ќе се смееме ние, односно сите, а народот ќе се смее со сите нас, и со нас и со вас. Како и со оваа неодговорна работа што ја вршиме ние.

Фактички сметам дека до пописот ќе дојде, тој сигурно ќе се спроведе законот ќе се донесе, меѓутоа, без усвојување на амандманите на пратеничката група, односно на албанската група нема да биде можеби не ќе може да оди понатаму. А од друга страна што ме плаши. Ме плаши положбата на оваа влада. Таа не е кадра да изврши попис и да подготви технички податоци таа не може да излезе во пресрет за издавање на пасоши и лични исправи камо ли да изврши сите подготовки. Па, јас лично не верувам дека ќе може да се спроведе. Затоа, јас сум спремен за попис, можеби и утре, меѓутоа, оваа влада оваа година не ќе може да биде спремна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега комплетно опозицијата се искажа во целина, па немаме албанска група во Парламентот, туку групата пратеничка на пратеничката група на ПДП.

Дали уште некој бара збор?

Госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, нема да зборувам, за причините, однос за потребата од донесување на овој закон , затоа што овој закон ја изгласа формата Предлог за донесување на закон. Морам да ви кажам доколку владата беше навистина заинтересирана за носењето на овој проект а пред се за неговата реализација, зошто овој предлог, закон го понуди сега односно бара негова реализација во максимален рекорден рок од шест недели. Техничката подготовка на овој доста сериозен потфат во било која држава особено во нашата која ете и во зачеток е и неопремена со недоволно технички помагала, меѓутоа, и со човечкиот фактор, бидејќи се потребни според првичните потреби колку што јас знам 10 илјади попишувачи и исто толку време и простор истите да се обучат, мене не ми е познато како и на кој начин владата, односно во

овој случај ресорното министерство, односно заводот за статистика ќе успее сето тоа да го направи. И дали ќе успее да го направи тоа на квалитетен начин.

Причина да се јавам за збор беше повеќе што од страна на повеќе говорници беше речено дека експертите доколку оценат дека се потребни шест недели и доколку речат во тој временски рок мора да биде направен пописот Република Македонија ќе го направи. Точно е дека Република Македонија е млада држава и немаме искуства во сите области меѓутоа Република многу одамна имаше попис и Република Македонија не смее да биде експериментална територија на која што експерти со сиот респект спрема нивното знаење и со сета почит према нивните искуства ќе може да спроведува некакви експериментални теории и експерименти, кои што може да ги има во поголемите држави со поголема демократска традиција, меѓутоа, можеби и ги нема, а Република Македонија ќе биде полигон за нивното остварување. Такво нешто ниту на овој план, ниту на друг план не смее било која сфера на политичкиот живот да се случи од проста причина што ние овде имаме и стручњаци и искуство, меѓутоа имаме и свои посебни карактеристики кои што никако не смеаат да се занемарат. Ние искуство градиме и можеме да примаме совети, меѓутоа не значи истите како такви да ги применуваме анблок така како што ќе ни бидат понудени.

Не ми се допаѓаат дискусиите од типот на претходниот дискутант, попис ќе има, ќе видиме, колку ќе бидат едните, колку ќе бидат другите. Факт е дека Република Македонија имаше попис дека албанското население не излезе на попис, дека тоа беше граѓанска непослушност. Овој Парламент не може да се терети дека е причината поради неизлегувањето на албанците, бидејќи колку што гледам според мноштвото на амандмани што се присутни дури и ова решение, кое што сега е присутно не одговара на пратеничката група на ПДП. Меѓутоа,

веројатно владата притисната од интересите на ПДП и од експертите кои реков мислат дека ова е полигон за експериментирање Република Македонија понуди едно друго решение. Треба да бидеме свесни, а веројатно и пратеничката група на ПДП е свесна дека тоа се коси со член 7 од Уставот на Република Македонија. Токму поради тие причини во смисла на потполнување на јазикот, местото и територијата односно државата се нуди да се пополни на официјален јазик. Па, ние немаме јазик за матична евиденција, односно немаме јазик за личното име и токму поради тоа нема да може да се пополни, да се сака да се пополни на било кој од јазиците на националностите. Ако целта го оправдува средството, односно ако го примениме тој систем на Макијавели и ако навистина сакаме попис, а не гледам причина зошто не би сакале, ако сакаме да се препробиме и да видиме колку сме бидејќи тоа е една обична статистичка операција, тогаш можеби и би можело да се помине на сето тоа, меѓутоа треба да се знае и да ја знае целокупната јавност но и оние кои што тоа го нудат дека тоа е свесно кршење на Уставот на Република Македонија односно на член 7 од Уставот.

Најголеми резерви прикажувам за временскиот Период кога треба да се изврши овој попис, тоа е период на јуни и јули кога се присутни најголемите миграции на целокупното население не зборува* за било каква националност и кога веројатно веродостојноста на податоците се сомневам дека ќе бидат точни. И од тие причини не гледам дека нешто гори во Република Македонија и дека пописот мора да биде извршен во оној период што го предлага владата. Пописот може да се изврши пред изборите наесен, пописот може да се изврши и после изборите, бидејќи ние имаме соодветни акти, кои што и за изборите ќе овозможат да се гласа со актот на државјанство, односно со сертификатот на државјанство, така што не гледам зошто на сето тоа се гледа како на нешто што м ора да се изврши во овој период, никако порано, никако подоцна до крајот на годината или пак и догодина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Горѓевски.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Би кажал ова е повеќе политички попис отколку вонреден, иако е вонреден, со тоа што се знае кој бараше и кој одобрува. Често е протежирано меѓу нашиот народ, отсекогаш меѓу македонскиот дека Македонија ја делеле големите сили. Не, Македонија ја делат Македонците. Баш од овие дискусии дојдов до таков заклучок дека Македонија ја делат само македонците и најголем непријател на Македонија и е македонецот.

Зошто го велам ова?

Јас сум убеден дека Европа не врши притисок да се изврши ваков попис, јас сум убеден дека Европа никогаш не врши притисок да се изврши попис на повеќе јазици. Зошто? Затоа што на Европа тоа ќе и се врати како бумеранг. Да почнеме од најблиските соседи. Сигурен сум дека Грција тоа не би го сакала. Зошто? И во Грција живее македонско население, живее албанско население, утре и во Грција ќе и побараат истото да и се случува. Бугарија истото, Албанија истото каде што живеат македонци. Затоа, логично е да размислиме дека, дека на овој народ му се протежира само тоа односно се убедува дека Европа врши притисок да извршиме вонреден попис односно попис на повеќе јазици. И оттука самиот народ може да заклучи дека тоа не е вистина затоа што истото утре и се случува и ќе и се случи на Европа.

Јас не би должел многу, оти беа искажани многу зборови што сакав да ги launching речеме тука, но револтиран од неколку говорници тука што токму рекоа дека насекаде во Европа го имаат тоа право на повеќе јазици да се врши попис, како и кај нас. Баш тука да не должам, повеќе држави да не споменувам, но да речеме и подалеку од Европа можеме да спомнеме. Да речеме, што би се случило во Индија. Да ја земеме Азија, од Европа по настрана. Во Индија кој знае на колку јазици би се вршел, кој попис не

може да се изврши односно таква администрација треба да се подготви што тој попис не може за две години да се изврши. Затоа, неслучајно реков дека самите ние си ги вадиме очите, а се знае, јас воопшто не се согласувам на повеќе јазици да се изврши, туку се знае дека постои еден државен уставотворен македонски јазик, како секаде во светот што се извршуваат пописите така треба и во Македонија да се извршат.

Со тоа би завршил, со онаа народната што е претворена во песна, што рекол народот наш: "Народе Македонски, разбуди се веќе еднаш". И треба да се разбуди.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, дами и господа, јас би сакал на почеток да искажам една резерва, бидејќи сметам дека моето обраќање пред вас како пратеници ќе биде во нелегални услови со оглед на тоа што одвај има 30-тина пратеници во салата, но сепак доколку претседавачот ја држи седницата ќе продолжам.

Во принцип веднаш да кажам дека сум за попис и тоа квалитетен попис да се одржи, без бојкоти, од едноставна причина што таков попис и е потребен на оваа наша држава и кој попис ќе ги запази сите светски норми и стандарди од областа на статистиката и сметам дека тоа треба да биде една статистичка операција и да не се политизира во овој домен во кој сега се прави.

Исто така, сметам доколку би се извршил еден квалитетен попис, кој ќе ги опфати сите државјани на Република Македонија, ќе им ги избие адутите на сит е оние новокомпонирани демократи и разноразни водачи на одделни национални групи во Република Македонија кои со своите неодмерени и неодговорни изјави за бројот на нивните национални

групи, само ги подгреваат страстите во Републиката и со тоа ја дестабилизираат нашата држава.

На почетокот исто така сакам да искажам едно несогласување со обраќањето на претседателот на Собранието господинот Стојан Андов до нас пратениците и до целата македонска јавност преку разни прес конференции. Мислам дека овде е говорницата за сите нас да си се обратиме едни на други. Народот затоа не избрал.

Додека сум тука кај изјавите на одделни пратеници и носители на власта, сметам дека е многу лошо што сега повторно се подгрева една атмосфера на тоа дека доколку некој не гласал за законот, ќе работел против државата итн. Сметам дека со тоа треба да се прекине, да престанеме да произведуваме непријатели во оваа наша држава, зашто тоа мислам дека не води кон ништо добро.

На почеток уште да изразам еден мал протест до Владата , бидејќи верувајте преку глава ни е делегирање овде претставници на Владата од редот на најкомпромитираните министри, замешани со разноразни афери, општествени станови, фришопови, градби на куќи итн.

Цело време нам тука ни се сугерираат решенија од типот на тоа дека Европските експерти ги поддржале , од Европската унија ни кажеле како биле усогласени со светските стандарди итн. Јас навистина изразувам чудење како таа Европска унија, синоним за демократија, човечки права итн., застанува зад едни најобични престапници на законот во Република Македонија.

Сметам дека Македонија може да ја има и да биде единствена ако биде демократска држава во која ќе владее правото, кое право ќе биде подеднакво за сите граѓани во Републиката, независно од нивната национална припадност. Како потврда на тоа е и нашиот Устав кој е

граѓански, кој не ги дели луѓето по национална припадност во остварувањето на своите права пред државата. Затоа, симптоматично е што овие експерти кои ги испратила Европската унија застануваат зад едни обични престапници на законот и со тоа истите тие престапници ги наградува, додека оние лојални граѓани на нашата држава, кои го почитуваат законот 1991 година на пописот, во овој случај, се казнети, значи, од нашава држава доколку го изгласаме на овој начин овој закон.

Понатаму, ние имаме обичај постојано да велиме дека се што било за време на комунистичкото не чинело и со еден таков нихилистички пристап да приоѓаме на сите работи од нашето комунистичко минато. Сметам дека во поранешна Југославија за време на комунизмот имаше експерти од оваа област, од оваа проблематика на кои можеа да им позавидат и познатите светски стручњаци. Како потврда на тоа би ги навел господата директори, ако не се лажам на тогашниот Сојузен завод за статистика Адолф Евагелник, Милош Мацура, кои во одредени мандати беа и претседатели на популационата комисија при Обединетите нации, значи врвни експерти и по нивна методологија и под нивен непосреден надзор беа вршени пописите во таа поранешна Југославија. Сметам дека никој го нема тоа право овде да ги става под сомневаше резултатите од поранешните пописи кои се водеа во таа поранешна Југославија. Во една средба со тие таканаречени експерти од Европската унија кои беа тука и кои по моја лична проценка имаа многу скромни познавања од оваа област (некои од пратениците се потсмеваат) - можете да се смеете колку сакате господине, само бидете парламентарен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сте ги оцениле, скромни, нема што.

XII/5.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

На еден состанок со нив, каде беа присутни претставници и од опозиционите партии и експертите, дури и тие децидно после една аргументирана расправа ги прифатија сите овие резултати од поранешните пописи. Значи, јас ценам дека Владата како и досега во разноразни прилики се повикува на разноразни експерти, исклучиво со цел да го моделира јавното мислење во нашата Република и да изврши притисок врз целата опозициона јавност во нашата држава 1 во тој контекст ја ставам и прес конференцијата на господинот Стојан Андов одржана пред неколку дена. Тоа е принципна работа докажан на оваа Влада и на оваа власт тоа се правеше со Уставот, се викаа разни експерти да убедуваат некого овде да гласа, а истото сер случува со изборните закони, случај и со овој закон, но добро, тоа е начин на работа на оваа Влада. Само јас би сакал да укажам на власта, кога ги вика сите тие експерти од разни области, да бара исти такви права и за оние македонци кои живеат во соседните земји, да бара да можат тие слободно да се попишат на својот мајчин јазик и слободно да можат да ја искажат својата национална припадност, бидејќи ако едни критериуми и норми важат овде кај нас, под сугестија на т.н. експерти од Европската заедница, треба да инсистираме тие да важат и за македонците во нашата околина.

Дека оваа Влада апсолутно не води никаква грижа за оваа област покажаа ред примери. Јас ќе повторам само еден од нив. Тоа е поканата до Владата од Генералниот секретар на Обединетите нации за учество на 7-то Светско популационо истражување, оваа Влада господа не го удостои генералниот секретар ни со одговор дали ќе сака да учествува на тоа Светско популационо истражување или не Значи, да повторам, сум за попис, но квалитетно подготвен, и без никаква политизација од проста причина што политизираноста на пописот сметам ќе не може да даде објективни резултати. Тоа го кажуваат неколку непобитни факти.

Прво, терминот што се предвидува за попис. Ако се тие експерти од Европската заедница треба да знаат кои се светски критериуми и норми за одржување на попис односно термин на попис. Тие термини се од 31 март до 15 април, овој што ни го предлага Владата од 21.06. до 5.07. сметам ќе а може само штетно да влијае од причина што ситуацијата на населени- ето во тој период е нагласено голема.

Понатаму, подготвувањето на пописот. Познато е дека еден попис солидно подготвен се подготвува и по неколку години. Ние не можеме да одиме против сите норми на однесување и подготвување, за 40 дена да подготвиме квалитетно еден попис. Ќе наведам неколку технички проблеми за изведување на овој попис.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Времето ви помина, немате време веќе.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Имам уште малку.

Прво, техничките проблеми. Треба да се изнајдат 10 иља- ди попишувачи. Јас се прашувам за кое време во овие 40 дена ќе бидат изнајдени тие, за кое време ќе се пронајдат инструктори за нивна инструктажа на попишувачите, за кое време ќе се подели територијата на соодветни статистички кругови односно пописни кругови и дали ќе бидат опфатени сите граѓани со овој попис, од проста причина што секој од тие попишувачи, доколку тоа не биде квалитетно изработено, а се сомневам дека ќе биде квалитетно изработено поради краткиот термин, ако еден од тие испишувачи испушти по едно домаќинство, тоа се веќе 40 иљади граѓани кои ќе бидат испуштени и непопишани.

Уште нешто тука цело време се политизира околу член 35 и околу законите. Инсистирам овој Уставен суд додека постои под итно да се

XII/7.-

произнесе дали член 35 од законот е во согласност со член 7 од Уставот на Република Македонија . Тоа е многу важна работа а не овде ние да се доведуваме во ситуација од оваа говорница да бараме оценка за тоа дали членот е уставен или не е уставен. Ние не сме експерти за оценување на уставноста, постои Уставен суд и да го вработиме и да го искористиме тој уставен суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, престанете веќе, ви помина времето, ве опоменав двапати.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Готово, уште една реченица.

Уште еден предлог: Доколку оваа Влада - очигледно е дека намерата е да се добие некоја демографска слика на Република Македонија за тоа каков е бројот и соодносот на населението. Предлагам, доколку веќе се инсистира на такво нешто, има примери во нашето соседство, тоа е примерот со Турција, во рок од два дена да бидат задолжени целото население да биде во своите домови, никаде да не излегува, едноставно да бидат национално попишани, доколку е тоа критериум некое национално малцинство овде да добие одредени права.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Веројатно сте заморени сега да продолжиме.

Дали прифаќате сега да продолжиме?

Не.

Добро, да продолжиме утре во 10,00 часот со претрес по текстот на предлогот на законот по амандманите.

(Седницата заврши во 18,10 часот).